analytica
thinking laboratory...

ПРИРАЧНИК

# КАКО ДА ИЗВЕСТУВАТЕ ЗА ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО БЕЗБЕДНОСТА?



**АВТОРИ:**
**Андреја Богдановски**
**Магдалена Лембовска**

СКОПЈЕ 2015

Аналитика тинк тенк

# П Р И Р А Ч Н И К

Како да се известува за прашања поврзани со безбедноста?

Автори:

**Андреја Богдановски**

**Магдалена Лембовска**

Дизајн:

**Мухсин Ѓулер**

Овој прирачник е подготвен од истражувачи во Аналитика тинк тенк (www.analyticamk.org) и поддржан од Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили, ДЦАФ (www.dcaf.ch).

Ставовите и мислењата изразени во извештајот се на авторите и не ги одразуваат ставовите на Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили.

Скопје, 2015

**Содржина**

Вовед

1. Што значи да се биде безбеден?

2. Безбедносниот сектор на Македонија - кој што прави?

    2.1 Министерство за внатрешни работи

    2.2. Вооружени сили

    2.3. Разузнавање

    2.4. Примена на посебни истражни мерки

3. Како да се соберат информации

    3.1. Медиумите и граѓанските организации

    3.2. Интервјуа

    3.3. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

    3.4. Класификација на документи

4. Заштита на личните податоци

5. Парламентарен надзор на безбедносниот сектор

    5.1. Што може да направи македонското Собрание?

    5.2. Парламентарни комисии

6. Финансиски аспекти на безбедносниот сектор

    6.1. Корупцијата во безбедносниот сектор

    6.2. Буџет на безбедносниот сектор

    6.3. Јавни набавки

7. Меѓународна безбедност

    7.1. Обединети нации

    7.2. Европска унија

    7.3. НАТО

    7.4. Процесот на одлучување за учество во мировни операции

7.5. ОБСЕ

**Вовед**

Медиумите денес играат повеќе улоги во однос на безбедносниот сектор - не само што ја информираат и едуцираат јавноста, туку преку зајакнатата контрола тие можат да придонесат кон подобра отчетност на институциите, политиките и практиките на безбедносниот сектор.

Предуслов за исполнување на тие улоги е зајакната професионалност кај новинарите, како и темелно познавање на темата која е предмет на известување. Многу често непознавањето на материјата на терен дејствува како бариера за понатамошно истражување на приказната, оставајќи го читателот со делумни информации на кои им недостига анализа, или пак материјал кој се потпира исклучиво на информации од службите за односи со јавност на надлежното министерство/агенција. Поради тоа, развивме специјално дизајниран Прирачник за новинари заинтересирани за покривање на теми релевантни за безбедноста во рамките на македонскиот контекст.

Прирачникот започнува со разгледување на различни аспекти на безбедноста ориентирана кон државата и безбедноста ориентирана кон човекот, поттикнувајќи го читателот да размислува надвор од традиционалните концепти и да се фокусира на различни безбедносни закани како што се животната средина или безбедноста во заедницата. Вториот дел на интересен начин ја објаснува архитектурата на безбедноста во Македонија, со цел да се обезбедат навремени и точни информации за вклучените актери, креирањето на политиките, синџирот на команда, итн.

Понатаму, Прирачникот дава насоки за собирање на информации за теми поврзани со безбедноста. Во форма на практични алатки за собирање на податоци, третиот дел содржи корисни техники за спроведување на интервјуа, користење на слободниот пристап до информации од јавен карактер и соработка со граѓанските организации. Со оглед на тоа дека работата со класифицирани информации е посебна карактеристика на безбедносниот сектор, Прирачникот се осврнува на можни дилеми кои новинарите би можеле да ги имаат кога се соочуваат со такви пречки. Кога се зборува за работа со чувствителни информации, исто така постои и посебен дел кој обезбедува насоки за заштита на личните податоци при известувањето во медиумите во согласност со актуелното законодавство и новинарската етика и стандардите.

Следниот дел во Прирачникот е посветен на улогата на Собранието во безбедносниот сектор со посебен акцент на неговата надзорна функција и клучните датуми и рокови кои треба да се следат од страна на медиумските работници. Буџетирањето на безбедносниот сектор е уште еден важен аспект во работата на институциите од безбедносниот сектор. Врз основа на постојното законодавство, овој Прирачник обезбедува информации кои се однесуваат на буџетирањето на безбедносниот сектор во сите фази на буџетскиот циклус и како

да бидат следени од страна на новинарите. Во однос на финансиските прашања, корупцијата е уште еден феномен каде што е потребно особено медиумско внимание. Честопати, тешко е да се направи разлика меѓу корупцијата и други недолични однесувања. Овој Прирачник го опремува читателот со потребните знаења за да се препознаат различните видови на корупција, особено оние кои можат да се сретнат кај полицијата.

На крај, Прирачникот се занимава со меѓународната безбедност и ја дискутира работата на поважните меѓународни организации од областа на безбедноста. Овој дел, исто така, вклучува и идеи и совети за пишување статии.

Прирачникот не е исцрпен во смисла на објаснување на улогата на сите релевантни актери или аспекти вклучени во безбедносниот сектор; сепак, се фокусира на најважните прашања кои се релевантни во македонскиот контекст. Примарна целна публика се новинари кои работат со безбедносни прашања, но овој Прирачник е исто така наменет за студенти по новинарство, уредници, блогери и сите оние кои се заинтересирани за темата.

## 1. Што значи да се биде безбеден?

Оксфордскиот речник ја дефинира безбедноста како основна вредност на човечкиот живот, што значи дека за да се биде безбеден/а треба да се биде спокоен/а во однос на опасност или страв[1]. Ова оди рака под рака со латинското значење на англискиот збор за безбедност; неговото потекло може да се проследи во латинското “securitas/securus” додека политичката конотација ја добило од фразата “securitas publica” со значење да се опише заштитата на империјата[2]. Бери Бузан, еминентен научник, ја дефинира безбедноста како “...потрага по слобода од закана и способноста на државите и општествата да го зачуваат својот независен идентитет и својот независен функционален интегритет наспроти силите на промената што тие го гледаат како непријателски. Во крајна линија безбедноста е опстанок, но, исто така, разумно вклучува значителен распон на загриженост во врска со условите за постоење.“[3]

Како луѓе кои работат во областа, се соочувате со настани поврзани со безбедноста речиси секој ден. Безбедноста како концепт е повеќедимензионална и како таква постојат неколку прашања кои заслужуваат поголемо внимание.

Неколку дилеми за безбедноста:

- Што е безбедност?
- Зошто безбедноста е важна?
- Какви видови на безбедност постојат?
- Кој / што сакаме да обезбедиме?
- Од кој / што сакаме да го безбедиме?
- Како ја снабдуваме таа безбедност?

Балканот, регионот во кој се наоѓа Република Македонија, е сведок на бројни разурнувачки војни и конфликти, што го прави еден од најпознатите конфликтни региони во Европа. Од османлиското владеење, Балканските војни, Првата и Втората светска војна до најновите внатрешни војни и конфликти во 90тите години, и последно во 2001 година т.е. вооружениот конфликт во Македонија, регионот беше сведок на многу вознемиреност. Со оглед на тоа што голем од конфликтното наследство потекнува од неодамна,

1 Концизен речник на Оксфорд *(Оксфорд: Клерендон прес, осмо издание 1990), стр.1093. http://www.londoninternational.ac.uk/sites/default/files/programme_resources/lse/lse_pdf/subject_guides/ir3140_ch1-3.pdf*

2 Валтерс, В. (2010) ‘Миграција и безбедност’, во Ј. Питр Брџис (ed.) Прирачник за безбедносни студии, Лондон: Рутлеџ, 217-228

3 Бери Бузан, ”Нови шаблони на глобалната безбедност во 21от век” Меѓународни работи, 67.3 (1991), стр. 432-433

новинарите имаат можност да истражуваат голем број на теми кои се уште одекнуваат.

## Видови на безбедност: безбедност ориентирана кон државата и безбедност ориентирана кон човекот

Кога говориме за видовите на безбедност, може да ги разликуваме според субјектот чија безбедност е во прашање. Во зависност од тоа каде е фокусот - во државата или во луѓето, можеме понатаму да ја развиваме приказната од тој аспект. Традиционалната безбедност се однесува на моделот каде што државата е примарниот објект на истражување/известување и се фокусира повеќе на заштитата на политичкиот и физичкиот интегритет на суверените држави[4]. Човечкиот пристап на безбедноста е повеќе центриран кон луѓето и многу научници сметаад дека ги опфаќа несигурностите кои не се сметаат како закани за државната безбедност[5].

Важно е да се разберат овие главни концепти на безбедноста, бидејќи многу пати постојат прашања кои лесно може да се анализираат низ призмата на безбедноста на луѓето, но може да се занемарат бидејќи примарниот фокус е на државата и државниот апарат. На пример, пристапот до енергија полека станува дел од оваа човекова безбедност, бидејќи е директно поврзан со фактичкиот опстанок на луѓето. Обично, голем број на новинари ќе се фокусираат првенствено на теми кои ја вклучуваат работата на полицијата, армијата, разузнавачките служби, занемарувајќи ги прашањата во однос на безбедноста на луѓето. Сепак, може да се најдат многу добри примери за добра медиумска покриеност за обработка на теми од аспект на човековата безбедност.



4 Кристин Чинкин, "Човековата безбедност против државната безбедност" – Школа за економија - Лондон, Светскиот трибунал за Ирак, Истанбул, Турција 25 Јуни 2005, шеста сесија / Светската безбедносна околина и идни алтернативи: http://www.global-sisterhood-network.org/content/view/352/76/

5 Ибид.

**Пример за приказна фокусирана на човековата безбедност**

Безбедноста во здравството, се смета дека е дел од пристапот на човековата безбедност и во последните неколку години се покажа многу пати колку е важно справувањето со пандемии како птичји грип или ебола. Еве пример на една статија од страна на БиБиСи каде се дискутира планот за национална вежба за спречување и лекување на Ебола во Велика Британија.

Ебола: Национална вежба ги тестира плановите на Велика Британија за вирус: http://www.bbc.com/news/uk-29578804

Човековата безбедност како концепт стана интересна како тема во средината на 90-тите години, со лансирањето на Извештајот за човековиот развој на УНДП кој беше пионер на "слободата од страв" и "ослободувањето од сакам", концепти релевантни за човековата безбедност.[6] Крајот на Студената војна, каде во фокусот беше државата, даде импулс за ова гледиште на безбедноста. Оригиналниот документ од 1994 година наведува две категории: безбедност од хронични закани како што се глад, болести и репресија и б) заштита од ненадејни и пакостни прекини во рутината на секојдневниот живот[7].

Примери на закани за човековата безбедност

| Тип на безбедност | Примери од главните закани |
|---|---|
| Економска безбедност | Постојана сиромаштија, невработеност |
| Безбедност на храна | Глад, гладување |
| Здравствена безбедност | Смртоносни заразни болести, небезбедна храна, неухранетост, недостаток на пристап до основна здравствена заштита |
| Еколошка безбедност | Деградација на животната средина, осиромашување на ресурси, природни катастрофи, загадување |
| Лична безбедност | Физичко насилство, криминал, тероризам, семејно насилство, детски труд |
| Безбедноснат во заедницата | Меѓуетнички, религиозни и други тензии поврзани со идентитетот |
| Политичка безбедност | Политичка репресија, кршење на човековите права |

Табела 1[8]

6 UNDP, Извештај за човековиот развој. http://hdr.undp.org/sites/default/files/reports/255/hdr_1994_en_complete_nostats.pdf стр.24.

7 UNDP, Извештај за човековиот развој (1994) цитирано во Хасан Ахмуд и авторите. "Човекова или државна безбедност: проблемите и проспектите на поимот на човечката безбедност". *Журнал за политика и право.* Декември 2008.

8 Ибид.

Потребата за правење разлика меѓу безбедноста ориентирана кон човекот и таа ориентирана кон државата може да се види во идејата дека државата понекогаш не е во можност или не сака да обезбеди безбедност.[9] Во овој контекст, пристапот ориентиран кон човекот е особено релевантен за посткомунистичките, постконфликтните општества во транзиција, бидејќи државата и нејзината функција е обично ранлива на прашања како што се корупцијатата, слабиот здравствен систем, дискриминација и сл.

Кога станува збор за безбедноста ориентирана кон државата, овој Прирачник ја дефинира истата како способност на државата директно или индиректно да се заштити од надворешните закани, како и да покаже некакви резултати во заштитата на населението кое живее во државата од опасности кои влијаат на нивната лична безбедност. Прирачникот ги зема предвид и двете перспективи, особено бидејќи државата од една страна зазема централно место во конвенционалното разбирање за безбедносните студии, каде што националната безбедност "вообичаено подразбира физички опстанок, територијален интегритет, како и продолжување на политичкиот режим и економски систем[10]." Во исто време не може да се очекува да се зборува за надворешната безбедност, кога некои од конфликтите и несигурноста може да бидат резултат на политиката на државата.[11]



**Пример за приказна фокусирана на државната безбедност**

Класичен пример за безбедност фокусирана на државата може да се види во објавата на туниската влада да изгради ограда долж границата со Либија, со цел да се заштити од премините на илегалните терористи. „Телеграф" ја објаснува итноста за изградба на оградата и како позадина - терористичкиот напад во јуни 2015 година со повеќе од триесет мртви туристи.

Тунис гради ѕид за да спречи патувања во либиските џихад-кампови: http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/africaandindianocean/tunisia/11727080/Tunisia-building-wall-to-prevent-travel-to-Libyan-jihad-camps.html

9 Ибид. стр. 70

10 Мариа Бронс, *Општеството, безбедноста, суверенитетот на државите во Сомалија: од бездржавност до бездржавност?*, (Меѓународни книги, 2001), 27,28

11 Ибид.

## 2. Безбедносниот сектор на Македонија

Иако релативно мала земја, Македонија со текот на годините работи на консолидација на својот безбедносен сектор преку зголемување на капацитетите на постојните институции, како и изградба на нови, како на пример финансиската полиција. Неколку од добро етаблираните институции како што е полицијата се темелат на поставките од претходниот систем, иако следеа многу реформи откако Македонија стана независна држава во 1991 година. Во секоја земја безбедносниот сектор е органски, што значи дека поради различни причини истиот еволуира. Безбедносниот сектор во Македонија не е исклучок од ова и поголемиот дел од реформите се или надворешно управувани под чадорот ЕУ / НАТО интеграции или поради безбедносни инциденти како внатрешниот вооружен конфликт од 2001 што беше основа за низа реформи. Земајќи го сето тоа предвид, безбедносниот сектор на Република Македонија може да се анализира од три времени дистанци: 1991-2001 (од независноста до етничкиот конфликт од 2001), 2001-2008 (постконфликтно - пред НАТО), 2008-сега (пост ветото во НАТО)[12]. Сите овие периоди придонесоа до разни реформи во безбедносниот сектор. На пример внатрешниот вооружен конфликт во 2001 година и Охридскиот рамковен договор ја турнаа напред идејата за зголемување на претставниците на немнозинските заедници - област која може да поттикне голем интерес кај читателите.



Дијаграм на македонскиот безбедносен сектор




12 Цвете Конеска, *Анализа во контекст на реформите во безбедносниот сектор во Македонија*, Аналитика http://www.analyticamk.org/images/stories/files/cassrm_mk.pdf стр. 1.

## 2.1. Министерство за внатрешни работи

*Контекст*

Македонската полиција честопати се смета како еден од заштитниците на независноста на Македонија во почетокот на 90-тите години. Поради недостаток на свои вооружени сили[13], кога југословенската народна армија (ЈНА) ја напушти земјата полицијата презеде голем дел од задачите што обично би ги извршувала војската. Ова вклучуваше, меѓу другото, чување на територијалниот интегритет на земјата, особено во време на предизвиците со распадот на Југославија во 90тите години.

*Улоги, одговорности и правна рамка*

Прва асоцијација за полицијата е Министерството за внатрешни работи, а во случајот со Македонија - Министерството за внатрешни работи, исто така, е домаќин на Секторот за безбедност и контраразузнавање. Македонските власти одлучиле дека одделот за контраразузнавање треба да остане во состав на Министерството. Во други земји ова е поинаку регулирано т.е. оваа институција функционира одделно од Министерствата за внатрешни работи.[14] Работата на Министерството е регулирана со два главни закони: 1) Законот за внатрешни работи и 2) Законот за полиција. Не постои посебен закон за концепирањето на работата на службата за контраразузнавање. Нејзината работа работа и профил се утврдени во двата закона придружени со бројни правилници.



Бирото за јавна безбедност заедно со Управата за безбедност и контраразузнавање се главните единици во состав на Министерството. Покрај овие две постои посебен сектор со задача за вршење внатрешен надзор, наречен Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди. Работата на Министерството за внатрешни работи (вклучувајќи ја и полицијата и контраразузнавањето) се исто така предмет на надворешен надзор и контрола.

**Организација на полициските сили во Македонија:**

---

13 како Република, дел од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, надворешните граници на Југославија (кон Грција, Албанија и Бугарија) се чуваа од страна на Југословенската народна армија.

14 "Словенија ја оддели разузнавачката агенција за безбедност од Министерството за внатрешни работи, во почетокот на 1990тите години, но ова не е целосно спроведено се до 1999 година, кога Собранието го усвои Законот за разузнавачките и безбедносни служби со што конечно се регулира како државна служба за безбедност" - Драго Ферш, *Од безбедност и разузнавање до Словенската државна служба за безбедност* – Националната безбедност и иднината 1-2/3, стр.80

- **Гранична полиција** - полициска единица која ги следи и ги штити границите на Македонија. Таа е организирана во четири сектори: Север, Југ, Исток и Запад со вкупно 1750 полицајци;
- **Езерска полиција** - дел од граничната полиција на Република Македонија која работи на Охридското и Преспанското Езеро;
- **Сообраќајна полиција** - се справува со дневните сообраќајни прекршоци;
- **Хеликоптерска единица** - единица за воздушна поддршка на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Нејзината цел е да обезбеди воздушно набљудување, следење на границите, ВИП транспорт, потрагата и спасување и воздушно противпожарно делување.

**Специјални полициски сили**

- **Единица за специјални операции - Тигри** имаат задача да вршат тешки операции во борбата против тероризмот и заштита на безбедноста на Република Македонија во време на влошена безбедносна ситуација како и помагање на цивилното население при природни катастрофи. Поконкретно, тие се занимаваат со заложнички ситуации, апсење опасни криминални групи, обезбедување на поддршка со висок ризик на ВИП лица, спасувачки операции итн.
- **Единица за брзо распоредување (ЕБР)** - посебна единица на македонската полиција, со задача да врши операци во високопланинските и руралните средини, да воспостави јавен ред и мир, да обезбеди помош за други единици и државните институции, анти-терористички активности, активности со висок ризик, помагање на цивилното население во време на природни катастрофи итн.
- **Посебна единица за поддршка (ПЕП)** - посебна единица која работи под Министерството за внатрешни работи. Припадниците на ПЕП се обични полицајци кои ако е потребно им помогаат на другите специјални единици. По потреба тие се вклучени во активностите за одржување на јавниот ред и мир, протести, апсења и сл.
- **Единица за одржување на јавниот ред и мир, безбедност и интервенции** е скорешно основана единица формирана со цел да се зачува редот и законот при сите јавни собири, вклучувајќи различни видови на протести. Најголем дел од нивната работа е фокусирана во главниот град Скопје.
- **Алфа полициски единици** - специјална полициска единица за прв одговор и интервенции кога станува збор за сериозно кривично дело. Единицата работи во урбаните делови на градот Скопје.

**Транспарентност на Министерството за внатрешни работи**

Сите донесени закони и измени на закони, како и предлог-закони кои се однесуваат на работата на МВР и на полицијата може да се најдат на официјалната веб страница на Министерството за внатрешни работи: "http://www.mvr.gov .mk / zakoni". Повеќе детали за донесувањето на одредени закони, исто така може да се најдат на веб страната на Собранието (http://www.sobranie.mk) но дисперзирани низ датумите на донесување на различни пленарни седници. Од таа причина, препорачливо е прво се консултира веб страницата на МВР.[15] Вреди да се спомне дека веб-страницата на МВР засега е достапна само на македонски јазик. Одредени материјали за безбедност, со цел едукација на туристи за мерките за безбедност или безбедносни ризици може да се најдат и на англиски јазик.

Информации за секојдневната работа на полицијата редовно се објавуваат на веб страницата на МВР, во делот наречен „Дневни билтени"[16], кој претставува кратко резиме на кривични дела, прекршоци на јавниот ред, полициски акции итн. Овој дел секогаш е на насловната веб-страна на МВР, заедно со делот за вести. Дневните билтени може да се користат од новинарите за потврда на одредени настани како што се апсења, сообраќајни незгоди, соодветни на сториите кои што ги покриваат.



На пример: Ако новинарот покрива сторија за една сообраќајна несреќа, официјалнит факти, како што се информации за жртви, видот на возила кои се вклучени, спецификит на несреќата (на пример употреба на алкохол), итн. ќе бидат достапни во овој дел.

* Пожелно е за проверка на фактите од секојдневните настани да се консултира прво овој дел достапен на интернет; контакт со официјалното лице за односи со јавноста во МВР треба да дојде како втора опција само кога информациите се уште не се јавно достапни.

Сепак, полициските акции од поголем размер, како "Судирите во Куманово"[17]или апсења кои следат по долги истраги за борба против организиран криминал, или било каков вид на полициската акција преземена од Единицата за брзо

15 Министерството за внатрешни работи ја лансираше својата редизајнирана веб-страна на 20.06.2015 - http://mk.mkdnews.com/macedonia/3166-nova-veb-strana-na-mvr.html меѓутоа старата веб страна е се уште активна во делот "Archive" (Архива): http://62.162.77.57/ останува нејасно уште колку долго истата ќе остане активна на тој линк.

16 "Дневни билтени" (Daily newsletter) може да се најдат на следниот линк: http://www.mvr.gov.mk/dnevni-bilteni

17 МВР: Акцијата во Куманово заврши, разбиена најсилна терористичка група на Балканот - http://plusinfo.mk/vest/25324/mvr-akcijata-vo-kumanovo-zavrshi-razbiena-najsilna-teroristicka-grupa-na-balkanot-%28video%29

распоредување[18] обично се проследени со прес-конференции или преку самиот министер или портпаролот во зависност од сериозноста на стореното кривично дело. Кога се покриваат вакви настани треба да се направи ригорозна проверка на сигурноста на изворот од страна на новинарите, бидејќи непроверени информации дополнително може да придонесат да се разгори кревката безбедносна ситуација што може да биде присутна во тој момент.

Министерството за внатрешни работи, исто така, има развиено упатство за своите вработени за комуницирање со медиумите во ситуација на криза. Со ова упатство треба да се запознаат сите новинари кои се стремат да покриваат безбедносни прашања бидејќи таму се објаснува како се организирани меѓусекторските комуникации во МВР. Важно е за новинарот да ја разбере оваа шема на комуникација, со цел да биде во можност поефикасно да добие одговор на барањата за информации во момент на криза.[19]

Министерството за внатрешни работи има јавен канал на YouTube[20], кој го користи за објавување видеа од полициските акции и промотивни видеа за нивната работа. Овој канал е многу користен од страна на новинарите и сите медиумски куќи. Актуелниот министер за внатрешни работи нема страница на социјалните медиуми. Слично како и повеќето институции, не е широка распространетоста на користењето на социјалните медиуми од страна на политичарите или чинителите во Македонија. Тие обично се користат за промотивни и информативни цели; разговорот со граѓаните е на минимално и техничко ниво.



---

**Идеја за вест**

---

Министерството за внатрешни работи е еден од најголемите работодавачи во јавниот сектор во Македонија. Буџетот за 2014 година наведува 10859 вработени, како и фактот дека е еден од најголемите потрошувачи на јавните финансии. Како таков, можна е изложеност за погрешно раководење со јавните средства.

- Извештаите на Државниот завод за ревизија за Министерството за внатрешни работи може да послужат како појдовна основа за

18 Единицата за брзо распоредување е посебна единица на македонската полиција, формирана во 2006 година, во голем дел трансформација од претходната специјална единица Лавови со цел справување со помасовни безбедносни закани како што се безредија или поддршка на главните оперативни акции. http://star.utrinski.com.mk/?pBroj=1253&stID=3526&pR=2

19 Шемата за комуникација во ситуација на конфликти и кризи е достапна на страна 17 од Упатството - http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/publikacii%20pdf/Upatstvo%20za%20krizna%20kounikacija_FINAL.pdf

20 МВР на Youtube https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231

понатамошна истрага.

- Проверка на Електронскиот систем за јавни набавки на интернет (www.e-nabavki.gov.mk). Тука може да се најдат сите документи околу повикот за доставување понуди, понуди кои се направени, на кого беше доделен, која сума и под кои услови бил договорен тендерот. Овие информации може да се пребаруваат по институции, датуми и фази на примена. Според македонското законодавство за јавни набавки, сите јавни исплати над 5000 евра треба да бидат проследени со јавен повик за прибирање на понуди, каде што сите компании ќе имаат еднакви права во правењето на понудите кои после тоа се оценуваат врз основа на специфичните услови претходно договорени.
- Сите информации за плаќања од страна на институциите кои се помалку од 5000 евра може да се добијат преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер до соодветната институција. Во овој случај тоа е "Министерството за внатрешни работи".

**Органограм на министерството за внатрешни работи** (преземено од www.mvr.gov.mk)





## 2.2. Вооружени сили

*Контекст*

Би можело да се каже дека македонските вооружени сили, уште од нивното основање во 1992 година, се подложени на реформи кои резултираа со многу промени во структурата на армијата, со цел истите да соодветствуваат на профилот на НАТО за тоа како треба да изгледаат модерните воружени сили. Имено, најголемата трансформација се случи со укинување на потребата од задолжителна служба во вооружените сили во 2006 година. Освен видливите промени кои произлегоа од оваа одлука, истата содржи и една психолошка нишка, односно на истата се гледа како оттргнување од наследството од претходниот комунистички систем.

*Улоги, одговорности и правна рамка*

Уставот на Република Македонија ги пропишува полицијата и вооружените сили како статутарни актери на безбедносниот сектор. Кога зборуваме за вооружените сили во Македонија, синџирот на команда е вертикално организиран така што Претседателот на Македонија е врховен командант на вооружените сили. Како таков, Претседателот може да го именува и разрешува началникот на Генералштабот (ГШ) на вооружените сили, како и генералите. Згора на тоа, Претседателот е овластен да прогласи војна (со одредени ограничувања)[21]. Началникот на ГШ на АРМ е одговорен за командата на воените единици и е одговорен пред претседателот и пред министерот за одбрана.



Клучни документи поврзани со националната стратегија на Македонија, во однос на вооружените сили се Националната концепција за безбедност и одбрана, Стратегискиот одбранбен преглед, Националната безбедносна стратегија, Стратегијата за одбрана, Белата книга на одбраната[22] итн. Овие документи се релевантни за работата на новинарите и истражувачите кои би сакале да ги анализираат националните приоритети на одбраната и во исто време да се запознаат со она што нашата држава го смета како национална закана по безбедноста за Македонија. Имајќи предвид дека Македонија е земја кандидат за членство во НАТО и дел од процесот на акцискиот план за

---

21 За детали за процедурата да се провери: http://president.mk/en/president/rights-and-duties.html

22 Белата книга претставува преглед на македонската национална безбедносна и одбранбена политика во 2012 година, а исто така, претставува и преглед на претходно споменатите документи (Национална концепција за безбедност и одбрана, Стратегискиот одбранбен преглед, Националната стратегија за безбедност, стратегија за одбрана): http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/12/BELA-KNIGA-NA-ODBRANATA.pdf

членство во НАТО, секоја година се развиваат акциски планови кои служат како насоки за реформа на вооружените сили, кои новинарите би можеле да ги добијат за анализа преку испраќање барања до Министерството за одбрана со помош Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Дополнително, повеќе информации за тековните случувања во врска со вооружените сили може да се најдат во магазинот „Штит" на Министерството за одбрана. Тековниот број и архива од 2008 година е достапна на веб страната на Министерството за одбрана, во делот "изданија", на следниот линк: http://www.morm.gov.mk/?page_id=2640&lang=mk

Министерството за одбрана е активно и на социјалните мрежи.
Официјална страница на Фејсбук: "Министерство за одбрана на Република Македонија" - https://www.facebook.com/modrmacedonia
Официјален Twitter профил: @MoDMacedonia
https://twitter.com/MoDMacedonia
YouTube канал: MoDRMacedonia https://www.youtube.com/user/MoDRMacedonia
Твитер профил на министерот за одбрана Зоран Јолевски: @ZJolevski https://twitter.com/ZJolevski



Земјата е домаќин на Регионалниот центар за односи со јавноста кој нуди обука за медиуми и комуникации од 2005 година, по иницијатива на македонското Министерството за одбрана а поддржано од Кралството Норвешка. Иако центарот има воен карактер, што значи дека крајните корисници би требало да бидат првенствено воени структури, тој исто така има значителен цивилен потенцијал. Од 2013 година овој центар стана 26-тиот акредитиран НАТО образовен центар за партнерство и соработка со задача да обезбеди образование за персоналот во министерствата за одбрана, како и на вооружените сили во однос на комуницирање со јавноста за работи поврзани со војската.

Регионалниот центар може да биде од интерес за новинарот, да биде составен дел од синџирот на комуникација кога станува збор за вести поврзани со безбедноста. Евентуалната инволвираност на новинарите на курс за обука може да обезбеди додадена вредност во однос на работата на центарот, а новинарот ќе биде во можност да комуницира со воениот персонал.

Повеќе информации во однос на работата на овој центар може да се најдат на официјалната веб-страница: http://www.parc.morm.gov.mk/ и профилот на фејсбук: https://www.facebook.com/RTCCMK

**Органограм на министерството за одбрана** (преземено од www.morm.gov.mk)



## 2.3. Македонскиот сектор за разузнавање

*Контекст*

Разузнавачкиот сектор во Македонија не претрпе голема промена од почетокот на 1990тите години иако неколку измени беа направени непосредно по 1991 година со декларацијата за независност и по вооружениот конфликт во 2001 година. Овој застој е во контраст со заканите и предизвиците по македонската национална безбедност, кои значително еволуираа во текот на изминатите дваесет години. Во споредба со полицијата или вооружените сили, кај разузнавањето се случиле само ограничен број реформи.

Работата на Управата за безбедност и контраразузнавање не треба да се меша со работата на Агенцијата за разузнавање која третира прашања од надворешна природа; за разлика од неа Управата за безбедност и контраразузнавање ги третира само домашните прашања. Освен Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање исто така постои Воено разузнавање и контраразузнавање. Покрај тоа, постои и финансиско разузнавање кое функционира во состав на Министерството за финансии. Тоа се занимава, пред се, со прашања во однос на перење пари и финансирање на тероризам.



Агенцијата за разузнавање во синџирот на команда го има претседателот на државата, кој го именува и може да го разреши директорот на оваа гранка на разузнавањето. Агенцијата за разузнавање за својата работа известува и одговара пред претседателот, а потоа пред останатите актери од извршната власт. Иако Агенцијата за разузнавање потпаѓа под претседателот на државата, сепак владата има значителни овластувања во однос на буџетот, начинот и методите на работење итн.

Работата на Агенцијата за разузнавање произлегува од Законот за Агенцијата за разузнавање од 1995 година без големи промени по нејзиното спроведување. Задачата на оваа институција е да се спроведува разузнавање надвор од територијата на Македонија, како и анализирање на податоци во однос на националните и економските интереси на Република Македонија. Од друга страна, Управата за безбедност и контраразузнавање, има обврска да ги врши задачите потребни за чување на земјата од внатрешните закани.

*Улоги и одговорности*

Управата за безбедност и контраразузнавање е функционално независна институција, но се наоѓа во рамките на Министерството за внатрешни работи, каде што Владата го назначува директорот на оваа организациска единица. Задачите на Управата за безбедност и контраразузнавање се протегаат низ

следниве области:

- Тероризам;
- Контраразузнавање;
- Активности за загрозување или насилно уривање на демократските институции;
- Организиран криминал кој потекнува од или е насочен кон демократските институции на земјата.

Во голема мера на работата на Управата за безбедност и контраразузнавање е во зависност од примената на посебните истражни мерки, кои вклучуваат прислушување и други тајни мерки за надзор.
Покрај овие две, вооружените сили, исто така, имаат на располагање своја единица за воено разузнавање и за контраразузнавање во рамките на Министерството за одбрана. Нејзината работа е фокусирана околу овие области:

- Собирање, документирање и анализа на разузнавачки податоци релевантни за националната одбрана;
- Откривање и спречување на субверзивни активности со потекло од странски разузнавачки агенции или други меѓународни групи (како терористички организации) кои се однесуваат на националната одбрана;
- Заштита на вооружените сили;
- Заштита на класифицирани информации од одбраната.



**Разузнавањето и медиумите**

Разузнавачките служби во Македонија секогаш биле од голем интерес за медиумската заедница, главно поради тајноста на својата работа, како и неколку скандали со прислушување како Големото уво[23]; нивната улога во текот на внатрешниот вооружен конфликт во 2001 година итн. Најновиот и веројатно најголемиот скандал со прислушување со кодно име „Пуч“ беше доволна причина за медиумите да пишуваат опширно на оваа тема каде што, наводно, повеќе од 20.000 граѓани биле нелегално прислушувани.

Написот во Утрински Весник веднаш по скандалот „Пуч“со преслушување “Големото уво слуша сѐ преку нашите мобилни телефони”[24], може да се види како солидна статија која содржи:

- Информативна анализа на видовите на следење на комуникациите и институциите на кои им е дозволено да ги пресретнат комуникациите,

23 Секои десетина години по едно ‘Големо Уво’, Утрински Весник, 10.02.2015, достапно на: http://www.utrinski.mk/?ItemID=E0931A4D07E8A447BD395C767259FF43

24 „Големото уво“ слуша преку мобилките, Утрински Весник 10.02.2015 http://www.utrinski.mk/?ItemID=954139118140EB47B27CB63573EB0960

- Многу добро поврзување на содржината на статијата со скандалот со прислушувањето,
- Одење во длабочина на прикازната со обезбедување интервју со поранешен воен разузнавач,
- Потенцирање проблеми и покренување прашања во врска со должината на прислушувањето и можните злоупотреби од страна на државните органи.

Статијата ќе имаше уште повеќе корист ако на пример новинарот интервјуираше некого од разузнавачките служби, како би постоел официјален одговор за поставените прашања. Сегментот на написот каде се објаснувааат начините како да се препознае дали нечија комуникација е пресретната со едноставна проверка на температурата на телефонот, слушање на ехо при телефонирање без притоа да се повика на извор е контрапродуктивен за целокупниот позитивен впечаток од текстот. Непотврдените информации, може да бидат погрешно информирачки и збунувачки за читателите.

Македонските разузнавачки служби не покажуваат транспарентност во нивното работење. На пример, Агенцијата за разузнавање нема посебно лице односи со јавноста. Управата за безбедност и контраразузнавање како и военото разузнавање немаат веб-страни, Агенцијата за разузнавање го промовираше редизајнираниот веб-сајт кој нуди повеќе информации за јавноста.



Агенција за разузнавање: www.ia.gov.mk

## 2.4. Примена на посебните истражни мерки

Секогаш кога има приказна за прислушување од државните институции случајот е обично поврзан со употребата на т.н. посебни истражни мерки. Прислушувањето е само еден од нив. Другите вклучуваат: тајно следење, користење на лажен идентитет, претреси на приватен имот итн. Овие мерки се до 2014 година можеа да се применат само од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и одделението за воено разузнавање и контраразузнавање при Министерството за одбрана. Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик, им се даде можност и на Царинската Управа и на Финансиската полиција да ги користат посебните истражни мерки, главно со цел сомневања во однос на криминални случаи. Сепак двете институции ја немаат потребната технологија и знаење и немаат започнато со оперирање. Управата за безбедност и контраразузнавање, исто така, има можност да примени посебни истражни мерки и кога станува збор за организиран криминал, можни закани за безбедноста на државата како што се тероризмот, на пример.

Употребата на посебните истражни мерки е императив кога станува збор за решавањето на потешки форми на организиран криминал или акти кои може да ја загрозат националната безбедност. Поради нивната наметливост, употреба на посебните истражни мерки треба да се спроведува строго во согласност со законот и уставот. Соодветната контрола и надзорот над нивната употреба е од суштинско значење. Постојат неколку закони кои го регулираат користењето на овие мерки, вклучително и Законот за кривична постапка[25], Законот за електронски комуникации, Законот за следење комуникации[26] итн.

**Кој може да издава наредби за примена на посебните истражни мерки?**

Овие мерки и постапката јасно се утврдени во Законот за кривична постапка, каде или судија или јавен обвинител може да издаде наредба за започнување на посебните истражни мерки. Институции кои може да пресретнат комуникации во Република Македонија се:

- Јавното обвинителство
- Министерството за внатрешни работи
- Управата за финансиска полиција
- Царинската управа
- Министерството за одбрана, но само посебните (High Frequency –HF, Very High Frequency – VHF and Ultra High Frequency UHF) радио бранови.



Барањето за издавање наредба за пресретнување на комуникациите се доставува до надлежниот судија од страна на јавниот обвинител на негов/а иницијатива или по препорака на полицискиот службеник на Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција или Царинската управа[27].

**3. Како да се соберат информации?**

*Новинарите имаат право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот објавува точни, проверени информации и не прикрива и фалсификува суштински податоци или документи. Ако дадената информација не може да се потврди или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се напомене и објави. Точноста на податоците мора да се провери.* Кодекс на новинари на Македонија

25 Закон за електронски комуникации, Службен весник на РМ бр. 39/2014, со дополнувањата во Службен весник на РМ 188/2014

26 Закон за следење на комуникации, Службен весник на РМ бр. 121/2006, со дополнувањата во Службен весник на РМ 110/2008, 116/2012

27 Член 9, Закон за следење на комуникации http://www.mvr.gov.mk/Uploads/Zakon%20za%20sledenje%20na%20komunikacii%20precisten%20so%20usvoeni%20amandmani%2014.09.2012.pdf

### 3.1. Медиумите и граѓанските организации (ГО)

Со оглед на затвореноста на безбедносниот сектор, медиумите во многу случаи се потпираат исклучиво на информациите обезбедени од страна на државните институции. Сепак, во нивните напори за придонес кон поголема транспарентност и одговорност во безбедносниот сектор како и подобар пристап до информации, сојузниците може да се најдат во рамките на граѓанските организации. Таквата соработка е од заемна корист – на граѓанските организации им требаат медиумите за да ја промовираат својата работа, особено во поглед на нивните активности за застапување во обид да ги пренесат своите пораки до поширокота публика; додека медиумите може да имаат корист од тоа со збогатување на нивната понуда.

Во согласност со актуелното законодавство, граѓанските организации се регистрирани како здруженија на граѓани или фондации. Сепак, постојат различни видови на ГО и релевантните, т.е. оние кога станува збор за безбедносниот сектор се следниве:

- Тинк тенк организации - тоа се организации кои спроведуваат истражување и анализа на политиките и нивната цел е влијание на процесот на креирање политики. Луѓето кои работат во овој тип на организации се опремени со соодветна експертиза и обично имаат свои ставови во врска со реформските процеси, предлози на закони или за работата на државните институции во целина. Во најголем број случаи, нивните публикации се достапни онлајн на нивните веб-страни.
- Организации ориентирани кон заедницата - овој тип на организации се ориентирани кон подигнување на свеста, решавање на проблеми и зајакнување на нивната целна група, главно маргинализирани групи. Луѓето кои работат таму се обично активисти и нивните активности вклучуваат кампањи за подигање на свеста каде работат директно со граѓаните преку едукативни проекти, социјална заштита и др. Овие организации би можеле да се користат за пронаоѓање на целни групи на луѓе кои се релевантни за сториите на новинарите. Пример: Ако се работи на приказна за нерегуларната миграција и се сака да се разговара со мигрант, организациите кои обезбедуваат помош за овие групи на луѓе може да бидат корисни и да обезбедат врска.
- Заштита на човековите права и / или обезбедување на бесплатна правна помош - организациите со таква специјализација обично работат на полето на подигнување на јавната свест, подобрување на законската регулатива која ја регулира областа и зајакнување на позицијата за надзор и контрола на структурите. Тие спроведуваат мониторинг за доследно почитување на процедуралните гаранции за заштита на човековите права од страна на агенциите со ингеренции дадени од закон за спроведување. Некои од нив даваат бесплатна правна помош за граѓаните.

- Фондации – фондациите финансираат истражувања и други активности на здруженија на граѓани. Покрај улогата на финансиери, многу фондации, исто така, спроведуваат активности како што се истражување, објавување трудови, организирање на настани и имплементација на различни проекти ориентирани кон заедницата.

Како може да се соработува со граѓанските организации?

- Со оглед на експертизата која ја имаат тинк-тенк организациите, нивните вработени може да бидат добар избор за покана за интервју, изјава за одредена тема или коментари за различни безбедносни релевантни теми. Со цел да се претстават различните перспективи на граѓаните за одредено прашање, и покрај официјалните извори (како што на Одделот за односи со јавноста во рамките на Министерството), можете да побарате претставници на граѓански организации, исто така да искоментираат на оваа тема.

- Стратешките документи и другите производи на граѓанските организации може да бидат вреден извор на информации. Истражувачите обично поминуваат неколку месеци до неколку години во истражување на конкретно прашање, па може да се најдат значајни наоди кои вреди да се споделат со пошироката јавност. Сепак, осигурајте се дека организацијата што ја цитирате е веродостојна.

- Соработката со организациите на граѓанското општество може да се случи преку известување за нивните активности, како и медиумското покривање на нивните настани, вклучително и конференции, тркалезни маси, соопштенија, обуки и др.



### 3.2. Интервјуа

Интервјуата со претставници на службите за безбедност секогаш предизвикуваат големо внимание во јавноста. Со оглед на тоа дека претставниците на овој сектор комуницираат со јавноста строго и формално, и не секогаш ги споделуваат посакуваните информации, спроведувањето на интервју е одлична можност за граѓаните да се запознаат со нив и нивните ставови за важните безбедносни прашања.

Процесот за интервју се состои од неколку фази, почнувајќи од закажувањето на интервјуто, подготовка, спроведувањето на интервјуто и објавување. Пристапот на идентификување на соодветно лице за интервју може да има две насоки во зависност од тоа дали акцентот е ставен на лицето или на темата. Ако сакате да спроведете интервју со претставник од висок профил (министер, директор на Агенцијата за разузнавање итн.), треба да се испланира тоа порано

и со пристап утврден однапред. Бидете подготвени дека закажувањето на интервју може да потрае некое време, со оглед на активностите, како и природата на нивната работа. Од друга страна, ако сакате разглобување на одредена тема, тогаш може да се најде добар соговорник меѓу не-толку познатите и јавно изложени лица. Можеби ќе сакате да проверите дали некои граѓански организации или академската заедница (професори и асистенти) спровеле некои истражувања или објавиле анализа на таа конкретна тема. На овој начин, вие може значително да ја збогатите програмата на вашата медиумска куќа и да им понудите на гледачите или читателите пристап до релевантни сознанија и различни перспективи.

Кога ќе пристапите кон личноста со која сакате да го спроведете интервјуто, секогаш направете вовед за вас, објаснете ја целта на интервјуто и истакнете ги клучните прашања кон кои треба да се осврнете за време на интервјуто. Не заборавајте да наведете колку време и посветеност е потребно од соговорникот (дали тоа е сеопфатно и длабинско интервју или само неколку прашања, дали треба да се направат фотографии или не, итн.) Покрај тоа, треба да биде јасно дали ќе се испратат прашањата на e-mail и по колку време може да се очекува одговор (ова обезбедува поголема флексибилност за дописникот) или прашувате за интервју лице во лице.



Освен во случаите кога имате ТВ-шоу кое мора да се снима во студио, најдоброто место да се спроведе интервју може да биде работното место на интервјуираното лице. Таквата атмосфера ќе придонесе за хуманизација на нивната професија и ќе им овозможи на граѓаните да се запознаат со неговата/нејзината работа. Во принцип, гледачите се заинтересирани да видат како изгледа канцеларијата на министерот, каков вид на компјутер користи, дали постојат лични предмети (како што се фотографии) на работната маса итн. Освен тоа, луѓето обично се чувствуваат поудобно кога зборуваат на познато место што ќе им овозможи полесен тек на разговорот.

Добра подготовка за интервјуто е клуч за успех. Прво и основно, истражувајте ја темата за разговор - бидете сигурни дека ги разбирате сите технички термини, последните случувања и одговорностите на институциите во прашање. Бидете сигурни дека министерот не може да ви каже нешто што не е во рамките на неговата / нејзината надлежност, кога всушност е. Истото важи и во обратна насока; не инсистирајте на одговори на прашања кои се наменети за друга институција или лице. Имањето солидни познавања на темата ќе ви помогне да се дојде до полесно следење или дополнителни прашања ако мислите дека нешто не е јасно или постои можност за посеопфатна разработка на прашањето. Во исто време, бидете свесни дека интересни теми од безбедноста, може да содржат доверливи податоци кои не можат да бидат откриени на јавноста.

Колку што е важно да се има солидно познавање на темата, исто така, од големо

значење е да се биде информиран за профилот на интервјуираното лице. Бидете подготвени за можниот тек на разговорот - дали соговорникот зборува јасно, концизно или дава нејасни одговори кои не секогаш се поврзани со одредено прашање, дали е строго формално или пријателски расположено лице, кои се неговите/нејзините квалификации и компетенции, итн.

Во зависност од темата и профилот на лицето, треба да се подготви план за интервјуто. Ако тоа е за пишаните медиуми, можеби ќе сакате да ги испратите прашањата на e-mail и да очекувате одговори во иста форма. Ова ќе му овозможи на интервјуираниот погодност да размислува длабоко за темата и може да се избегнат недоразбирања или грешки при пренесувањето на изјавите. Во случај на интервју лице во лице, можеби ќе сакате да имате строго дефинирани прашања или само неколку точки на дискусија, повторно во зависност од профилот на личноста, темата и расположливото време.

На крајот на интервјуто заблагодарате на соговорникот за неговото време и одговорите. Бидете сигурни дека ги имате сите потребни информации за контакт од интервјуираното лице вклучувајќи име, презиме, точниот наслов на работно место. Исто така, прашајте дали ќе биде потребна авторизација пред објавување или не. Обезбедете му на интервјуираниот информации за вас во случај да сака да разјасни нешто во однос на интервјуто или идна соработка на иста или друга тема. Исто така, ако сметате дека се уште треба да истражувате на темата и понатаму, секогаш можете да побарате соговорникот да ви сугерира други експерти во полето или да ви сугерираат дополнителна литература или публикации, бидејќи тие би можеле да се подобро информирани на дадената тема.



### 3.3. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

Од 2006 година, кога беше воведен Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ако такво барање пристигне, државните институции се должни да ги споделат информациите со јавноста.

Потребно да обезбедат пристап до информации (информација од јавен карактер) се сите јавни органи, други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, на градот Скопје и општините во градот Скопје, други институции и јавни услуги, јавните претпријатија и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања.

Барањето за информација може да се поднесе од страна на правно или физичко лице, а институциите се должни да обезбедат еднаков третман за сите. Ова значи дека можете да го испратите барањето како поединец или во име на медиумот за кој работите. Згора на тоа, не сте обврзани да наведете зошто ви е потребна информацијата. Барањето може да се поднесе во усна, писмена или електронска

форма, а пристапот до информации може да се обезбеди преку увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Во случај кога барањето е усно, имателот на информацијата е должен да одговори во рок од 10 дена. Кога постои писмено барање, имателите на информации имаат 30 дена да одговорат. Во случај на пообемен документ, рокот може да се продолжи за уште 10 дена, вкупно 40 дена по приемот на барањето. Во тој случај, институциите се обврзани да ве информираат за продолжувањето на крајниот рок, најмалку 3 дена пред истекот на првичниот период од 30 дена. Предноста на писменото барање е можноста за следење на барањето - само понесете два примерока со вас кога ќе го доставувате барањето и побарајте верификација на примерокот кој останува со вас. Тогаш може со референца да се повикате на овој примерок во понатамошната комуникација.

Природата на новинарството е динамична и новинарите сакаат веднаш да ги добиваат информациите. Имајќи предвид дека мора да се чека и до еден месец за да се добие информација, многу новинари се откажуваат од овој пристап и се ориентираат кон покривање на секојдневните вести, потпирајќи се на прес конференции и информации добиени во оваа област.



Сепак, употребата на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер овозможува посеопфатен пристап, кој е многу погоден за истражувачкото новинарство. Се планираат темите за кои се сака да се пишува однапред и додека се чекаат одговорите може да се фокусирате на дневните настани. На пример, ако претстои важен настан што може да се поврзе со одредена тема (како Самит на НАТО, Денот на Армијата), планирајте ја вашата приказна и испратите ги вашите барања за пристап до информации најмалку шест недели однапред.

Ако имателот на информацијата не одговори на вашето барање во утврдениот рок, или ако не сте задоволни со одговорот, може да се поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Оваа комисија е независно тело и има 15 дена да донесе одлука за вашата жалба. Ако не сте задоволни со одлуката на Комисијата постои можност на подигање на тужба до надлежниот суд.

Секогаш имајте на ум дека ако не сте во можност за пристап до информации, вие имате право да ја информирате јавноста за тоа.

Контакт информации за Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер

Веб-страна: www.komspi.mk
Адреса: бул. “Гоце Делчев” бр.18 – Скопје (зграда на МРТВ – 14 кат)

Тел./Факс: +389 2 3118 038, +389 2 3114 695
e-mail: komspi@komspi.mk

### 3.4. Класификација на документи

Правото за пристап до информации не е апсолутно право. Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап. За безбедносниот сектор, одбивањето обично се случува врз основа на тоа што е класифицирана информацијата со соодветен степен на тајност. Причините за одбивањето може да бидат можноста за откривање на лични податоци и откривањето на информациите може да има штетни ефекти врз тековна истрага, кривична или прекршочна постапка.

Во согласност со националното законодавство има четири степени на класификација на информации, врз основа на степенот на штетата што ќе настане во случај на нивно неовластено откривање.

Највисок степен на класификација е ДРЖАВНА ТАЈНА. Бројот на луѓе кои имаат пристап до државна тајна е строго ограничен, бидејќи неовластеното откривање би можело да предизвика загрозување и нанесување непоправливи штети на трајните интереси на Република Македонија. Државна тајна може да прогласат само носителите на највисоките функции во државата, како претседателот на Републиката, претседателот на Владата, претседателите на Уставниот и Врховниот суд, министри итн. Откривањето на информациите класифицирани како СТРОГО ДОВЕРЛИВО може да резултираа со исклучително сериозна штета за виталните интереси на Република Македонија, додека класификацијата ДОВЕРЛИВО претпоставува можна сериозна штета на интересите на Републиката. Најнизок степен на класификација е ИНТЕРНА УПОТРЕБА и тоа значи дека неовластеното откривање на информациите би резултирало со штета за работењето на државните органи и други институции.



Пристапот до доверливи информации може да се обезбеди само за лица кои имаат соодветен безбедносен сертификат (кој се издава врз основа на претходно спроведена безбедносна проверка). Треба да се има на ум дека лицата чиј безбедносен сертификат е истечен имаат обврска за заштита на доверливоста на класифицираните информации со кои тие биле во контакт. Како резултат на тоа, овие луѓе не може да се користат како извор на информации за новинари, без разлика колку време поминало од престанокот на нивната функција.

Класификацијата на информации е особено важна за безбедносниот сектор. Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ, како и Агенцијата за разузнавање имаат чувствителни информации чие давање би можело да има сериозни последици за работата

на овие институции и безбедносните интереси на државата. Навикнати на справување со тајни информации, овие институции најверојатно нема да се споделат информации дури и кога не постои опасност од безбедносни ризици. Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, дава можност за институциите да одбијат пристап до сите информации во случај да се работи за класифицирани информации.

Од друга страна, институциите немаат право веднаш го одбијат вашето барање за пристап до информации за било кој од овие основи. Прво, ако таквите податоци можат да се одвојат од документот без да се загрози неговата безбедност, имателот на информацијата е должен да го стори тоа. Згора на тоа, дури и во случај на државна тајна од институциите се бара да спроведат “тест за штетност”[28], со кој ќе се проценат ефектите врз интересот кој се заштитува во однос на јавниот интерес што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Ова значи дека ако се утврди дека јавниот интерес е поголем од интересот кој се заштитува, имателот на информацијата е должен да обезбеди пристап до неа.

За жал, институциите не секогаш го почитуваат принципот на спроведување на тест на штетност. Ако се сомневате дека тестот не бил воопшто направен, може да се поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.



Објавувањето на класифицирани информации повлекува и кривична одговорност. Според Кривичниот законик, лицето што ќе каже, предаде или ќе ја стори достапна на јавноста информацијата или документите за кои се знае дека се државна тајна, а до кои дошол на противправен начин, ќе се казни со затвор од една до пет години. Добивањето информации кои се деловна тајна со намера да им се откријат на јавноста, исто така, повлекува одговорност.

**4. Заштита на личните податоци**

Заштитата на личните податоци е дел од основните човекови права и слободи. Како дел од правото на приватност, гарантирани се со сите релевантни меѓународни конвенции потпишани од страна на Република Македонија, како и со домашното законодавство. Затоа, многу е важно да се разберат границите кога се известува за разни прашања, теми или лица.

Законот за заштита на личните податоци е основниот закон кој ја регулира областа на прецизен начин. Според тоа, личен податок е секоја информација која се однесува на идентификувано или препознатливо физичко лице, препознатливото лице да биде лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно според единствениот матичен број на граѓанинот или

28 Тестот за штетност беше воведен со Законот за изменување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.6/2010

врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот/нејзиниот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет[29]. Честопати, постои погрешната перцепција дека личните податоци се само оние кои се однесуваат на биометриските податоци (име, датум на раѓање итн.) Сепак, личните податоци се категоризираат на следниов начин:

- Расно или етничко потекло;
- Политичко, верско, филозофско или друго уверување;
- Членство во синдикална организација;
- Здравствени податоци за лица вклучувајќи ги и генетските податоци;
- Биометриски податоци;
- Податоците се однесуваат на сексуалниот живот.

Обработката на посебните категории на лични податоци е забрането. Всушност, преку овие податоци дадено лице може да навлезе длабоко во приватноста на лицето и ова вклучува нарушување на другите основни права и слободи, како што се правото на заштита од дискриминација, правото на слобода на здружување, слобода на уверувањето, итн.

Законот за заштита на личните податоци, предвидува исклучок од примената на неколку одредби за целите на професионалното новинарство, но само во случај кога јавниот интерес преовладува над приватниот интерес на субјектот на лични податоци. Покрај тоа, законот пропишува дека обработката на личните податоци се врши во согласност со етичките правила на професијата. Во прилог на ова, обработката на личните податоци е дозволена врз основа на изречна согласност на субјектот на лични податоци или ако тој/таа јавно ги објавил податоците.



Во согласност со Кодексот на новинарите на Македонија[30], "новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен во случаи кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост." Ова е многу важно да се запамети кога се известува за трагични настани. Згора на тоа, новинарот не смее да интервјуира или да фотографира деца кои се помлади од 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа е во согласност со правата на детето. Истото важи и за лицата со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

Затоа, од најголемо значење за новинарот е да разбере што претставува јавниот интерес. Новинарот мора да биде способен да го препознае јавниот интерес и да

29 Закон за заштита на личните податоци, член 2

30 Кодексот на новинарите е достапен на: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440

биде сигурен дека тоа е поважно од евентуалната штета што може да се направи на лицето со објавување на неговите/нејзините лични податоци (видете ја рамката подолу).

ЈАВЕН ИНТЕРЕС
- Информации кои би можеле да придонесат за откривање на: криминал, злоупотреба на службената должност од страна на јавниот службеник, закана за демократијата, корупција, неправда, кршење на човекови права, дискриминација, загрозување на здравјето и безбедноста на луѓето, небрежнос и/или неспособност на јавно службено лице;
- Информации што им помагаат на луѓето да донесуваат одлуки од јавен карактер и да се спречи манипулација на луѓето со изјави или постапки на поединци или организации.



Дирекција за заштита на личните податоци

Клучна институција одговорна за заштита на личните податоци е Дирекцијата за заштита на личните податоци, утврдена со Законот за заштита на личните податоци за целите на надзор над законитоста на преземените активности при обработката и заштитата на личните податоци. Дирекцијата е независна државна институција со својство на правно лице раководена од директор назначен од страна на Собранието. За разлика од другите свои надлежности (подготовка/донесување на подзаконски акти, развој на политиката, давање мислења по предлози на закони, водење Централен регистар и слично), Дирекцијата врши инспекции, како и прекршочни постапки.

Важно е да се напомене дека Дирекцијата спроведува обука и обезбедува техничка помош на заинтересираните страни. Вашата медиумска куќа може да ја контактира Дирекцијата за можни обуки или било какви прашања или дилеми во поглед на заштитата на податоци.

Контакт информации:

Веб-страна: www.dzlp.mk
Адреса: бул.„Гоце Делчев“бр. 18, (зградата на Македонска радио телевизија МРТВ - кат 14)
Тел. +389 (2)3230 635; +389 (2)3230 617; +389 (2)3230 790; +389 (2)3230 413
e-mail: info@dzlp.mk; info@privacy.mk

Презумпција на невиност

Презумпцијата за невиност, исто така е основно човеково право гарантирано со Универзалната декларација за човекови права[31]. Речиси идентично, Уставот

31 Член 11: Секој обвинет за кривично дело има право да се смета за невин се додека неговата вина не биде во согласност со закон и на јавно судење, на кое тој ги има сите гаранции неопходни за неговата одбрана.

на Република Македонија пропишува дека секое лице ќе се смета за невино се додека неговата/нејзината вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Ова правило е и законска обврска дефинирана со Законот за кривична постапка, во која се вели дека државните институции, медиумите и други лица се должни да се придржуваат кон ова правило, и со нивната изјава за јавноста во постапката не смее да ги прекршат правата на обвинетиот и оштетениот, како и на судската независност и непристрасност.

За жал, повредата на правото на презумпција на невиност е една од најчестите грешки на новинарите кога известуваат за полициски апсења и судски процеси. Честопати, ова право е повредено од агенциите надлежни за спроведување на законот, односно полицијата. Сепак, новинарите треба да потенцираат дека тие известуваат во врска со осомничениот, и нема предвреме да го прогласат за виновно.

Заштитени сведоци

Законот за заштита на сведоци предвидува казна затвор за откривање на идентитетот на заштитен сведок, неговиот/нејзиниот дом или место на живеење и други информации што би можеле да доведат до неговата/нејзината идентификација. Поточно, во случај на откривање на идентитет предвидена е казна затвор од најмалку 4 години, а во случај предизвикување на тешка телесна повреда на лицето, сторителот кој ќе го открие идентитетот на заштитениот сведок ќе се казни со затвор од најмалку осум години. Ако делото води кон смрт, затворската казна за сторителот кој ќе го открие идентитетот на заштитениот сведок е најмалку 15 години или доживотен затвор.



## 5. Парламентарен надзор над безбедносниот сектор

Во воспоставените демократии, парламентите имаат три основни функции: претставничка, законодавна и надзорна. Надзорната функција е еден од темелите на демократијата и пратениците имаат алатки и средства да ја држат Владата одговорна. Пратениците се избираат од страна на граѓаните на директни избори, со што имаат легитимитет за противтежа на извршната власт, а не да бидат само печат за прифаќањето на политиките на Владата.

Член 68 од Уставот вели дека меѓу другото, Собранието врши политичка контрола и надзор над Владата и другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието. Надгледувањето на безбедносниот сектор може да биде вистински предизвик. Безбедноста е една од најпознатите нетранспарентни области со оглед на фактот што многу од документите на институциите се класифицирани. Јавноста има ограничен пристап до информациите во врска со работите на безбедноста, но пратениците, како претставници на граѓаните

имаат алатки и средства да применат надзор на пленарно ниво како и на ниво на Комисија. Како новинар, имате обврска да ја информирате јавноста за работата на Собранието во оваа област, а во исто време треба да го поттикнете Собранието да ја врши својата функција за надзор.

## 5.1. Што може да направи македонското Собрание?

### 5.1.1. Законодавство и улога во формулирањето на политика за безбедност

Законодавната и надзорната функција се две различни одговорности на Собранието. Сепак, со оглед на тоа дека парламентите служат како арена за спротивставени мислења, кога се зборува за предложениот закон пратениците треба да бидат сигурни дека конечното решение е во најдобар интерес на граѓаните и дека политиките ќе се спроведуваат така како што биле усвоени.

### 5.1.2. Моќта на ќесето

Со оглед на тоа што го има последниот збор во однос на донесувањето на буџетот, Собранието има овластување да го утврди износот на средства наменет за секоја од институциите на безбедносниот сектор. Иако предложениот буџет е подготвен од страна на Владата, пратениците го дискутираат и изменуваат предлогот така што би можеле да го намалат или зголемат буџетот со дополнителни средства. Процесот на буџетирање е објаснет во Поглавјето 6.



### 5.1.3. Пратенички прашања

Пратеничките прашања се важна алатка за следење т.е. дали политиките се соодветно имплементирани, како и за промовирање на транспарентноста и отчетноста на државните институции. Секој последен четврток во месецот се свикува посебна седница за пратенички прашања. Премиерот и членовите на Владата се должни да присуствуваат на седницата, а истото важи и за јавните службеници за кои постоеле претходно најави за прашања. Покрај прашувањето по усен пат за време на резервираната пленарна седница, писмени прашања, можат, исто така, да бидат доставени во меѓувреме преку претседателот на Собранието.

Со оглед на тајната природа на работите поврзани со безбедноста, одговорите на прашањето може да бидат доверливи. Во таква ситуација, Владата т.е. јавниот службеник може да предложи одговорот да се даде на седница на Собранието, без присуство на јавноста. Собранието одлучува по тој предлог во согласност со одредбите на деловникот за работа. Исто така, постои можност за пратеникот да добие одговор во писмена форма.
Пратеничките прашања и одговори може да бидат важен извор на информации за медиумските работници. Листа на сите прашања од пратениците и нивните

одговори може да се најдат на веб-сајтот на Собранието (http://sobranie.mk/pratenicki-prashanja.nspx).

5.1.4. Интерпелација

Интерпелацијата е уставно предвиден механизам кој им овозможува на пратениците да ја испитаат работата на секој носител на јавна функција, Владата и секој нејзин член поединечно, исто и за прашања од работата на државните органи. Пет пратеници се доволни за да се покрене интерпелацијата. Овој механизам понатаму е дорегулиран со Деловникот за работа на Собранието. Интерпелацијата се поднесува во писмена форма до претседателот на Собранието, кој ја доставува до лицето до кое е упатена и до другите пратеници. Лицето кое е предмет на интерпелација треба да достави писмен одговор, а потоа има можност да го елаборира на пленарна седница или да обезбеди вербален одговор. Пратениците треба да одлучат по интерпелацијата во рок од еден работен ден, до исцрпување на барателите на збор, и тоа треба да се одлучи најдоцна до 24:00ч. Претресот по интерпелацијата можат да се прекине само во следниве случаи:

- Поставено е прашање за доверба на Владата;
- Владата поднесе оставка;
- Премиерот предлага разрешување на членот на Владата за кој е поднесена интерпелацијата;
- Лицето на кое се однесува интерпелацијата поднесува оставка.



Уште од независноста на Македонија во 1991 година, ниту еден министер никогаш не ја напуштил функцијата поради интерпелација. Пратениците од владејачките партии редовно покажуваат доверба во министрите кои се соочуваат со интерпелации. Сепак, тоа е важен механизам што овозможува целодневна дискусија во врска со работата во одреден сектор и е вреден извор на информации.

5.1.5. Надзорни расправи

Законот за Собрание предвидува одржување надзорни расправи спроведени од страна на комисиите со цел да добијат информации и мислења од експерти во врска со утврдувањето и спроведувањето на политиките, законите и другите активности на Владата и државните институции. Секое работно тело во Собранието може да организира надзорна расправа за подрачјето на својата надлежност каде што може да покани овластени претставници на Владата и другите државни органи со цел обезбедување информации и појаснувања во врска со предметот на надзорната расправа. Поканетите претставници имаат обврска да присуствуваат на средбата, а Комисијата, исто така, би можела да повика и други лица кои можат да дадат информации поврзани со темата.

Надзорните расправи се важна алатка на Собранието за вршење на надзор и обезбедување отчетност на извршната власт, но исто така се и вреден извор на информации за новинарите кои имаат интерес во таа одредена тема.

#### 5.1.6. Анкетни комисии - ад хок

Анкетната комисија е ад хок (привремена) комисија, која може да се утврди за сите области и за секое прашање од јавен интерес. Наодите на анкетната комисија се основа за поведување на постапка за утврдување на одговорност за носителите на јавните функции. Анкетните комисии се утврдуваат со одлука на Собранието, а Собранието треба да го утврди бројот на членовите на Комисијата. Во согласност со Деловникот за работа на Собранието, претседателите на собраниските комисии треба да бидат од пратениците на пратеничките групи на опозицијата.

### 5.2. Парламентарни комисии

Парламентарните комисии се постојани работни тела основани со одлука на Собранието, каде се застапени сите пратенички групи. Постојат три комисии во рамките на Собранието на Република Македонија, кои имаат улога во однос на безбедносниот сектор, особено во однос на надзорот на актерите во безбедносниот сектор.



#### 5.2.1 Комисија за одбрана и безбедност

Оваа комисија е матичната комисија за сите прашања поврзани со безбедноста. Оваа Комисија ги разгледува сите прашања во врска со безбедноста и одбраната на земјата, вклучувајќи ја и заштитата на поредокот утврден со Уставот, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, државјанство, оружје, гранични работи, заштита од природни и катастрофи од епидемија, евроатланската интеграција и други прашања во врска со безбедноста и одбраната. На веб-страната на Собранието, се наведува дека оваа Комисија врши контрола во областа на одбраната и безбедноста. Практиката покажува дека нејзината дејност главно е поврзана со дискутирање на предлог-законите на надлежните министри и министерства (МО или МВР). Во прилог на ова, Комисијата редовно разговара за испраќање војници во мировните операции.

Комисијата за одбрана и безбедност има претседател, дванаесет члена и нивни заменици.

#### 5.2.2 Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат на работата на

разузнавачките служби во поглед на почитувањето на слободите и правата на граѓаните, претпријатијата и другите правни лица; усогласеноста на активностите со законот, методите и средствата кои се користат од страна на УБК и АР; финансиски, кадровски и технички капацитети на УБК и АР и други прашања во врска со службите. Ваква комисија за прв пат беше основана во 1995 година, после реорганизација на службите за разузнавање, каде што беа создадени УБК и АР.

Комисијата има претседател, осум члена и нивни заменици. Претседавачот на Комисијата е секогаш од опозицијата. Пратениците кои се дел од оваа Комисија имаат безбедносен сертификат, што значи дека имаат пристап до сите информации, без оглед на степенот на класификација. Агенцијата за разузнавање и Управата за безбедност и контраразузнавање имаат обврска да ги достават своите годишни извештаи (до крајот на февруари, за претходната година) и годишните програми (до крајот на јануари за тековната година). Тие, исто така, треба да и овозможат на Комисијата да ја врши својата функција и да овозможат пристап до потребната документација и информации. Како новинар, имајте ги на ум овие датуми особено поради праксата што покажа дека службите ретко ги почитуваат роковите за поднесување извештај.

Според својот деловник (кој не е објавен на интернет), Комисијата може да побара од државните институции и други организации информации и документи релевантни за својата работа. Исто така пратениците може да формираат работни групи за разгледување на одредени проблеми. Комисијата донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните, но барем една третина од вкупниот број на членови.



### 5.2.3 Комисија за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана

Комисијата беше основана со донесувањето на Законот за следење на комуникациите усвоен во 2006 година. Со законот за изменување на Законот за следење на комуникациите од средината на 2012 година[32], две нови државни институции добија мандат за користење на овие механизми - Царинската управа и Управата за финансиска полиција и како такви Комисијата доби надлежност за нивен надзор. Со измените, се наведува дека “одлука за надзор Комисијата донесува со мнозинство на гласови” (член 36-а). Сепак, не е наведено кои се механизмите кои се на располагање за работа на Комисијата за вршење надзор и што се подразбира под терминот “надзор” (на пример - посети на терен, задолжително присуство на службените лица на состанок на Комисијата итн.).

32 Службен весник на РМ. 116/2012

Комисијата има претседател (кој доаѓа од опозицијата), четири члена и нивни заменици. Одговара пред Собранието на годишна основа, во рок од два месеци од крајот на претходната година. Исто како и нивните колеги од Комисијата за надзор на работата на двете разузнавачки служби, членовите на Комисијата уживаат целосен пристап до доверливите информации. Покрај тоа, ова е единствената парламентарна комисија во која опозицијата има мнозинство. Комисијата, исто така, може да бара потребни информации од државни институции и да формира работни групи. Комисијата донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните, но барем една третина од вкупниот број на членови (двајца пратеници).

## 6. Финансиски аспекти на безбедносниот сектор

Демократските принципи бараат транспарентност и отчетност во алокацијата и трошењето на буџетот. Даночните обврзници имаат право да знаат како се трошат нивните пари и медиумите се најважниот извор на информации за повеќето граѓани. Известувањето за трошењето на буџетот е важно не само за информативни цели, туку медиумите исто така имаат улога да го следат буџетскиот циклус и да ја информираат јавноста за можна злоупотреба на јавните пари. Секторот безбедност не треба да биде исклучок од правилата и процедурите. Затоа, од голема важност е длабински да се анализираат различните аспекти на функционирањето на системот безбедност, особено во однос на надзорот, контролата и транспарентноста во работењето со финансиите на овие структури.



### 6.1. Корупција во безбедносниот сектор

Корупцијата е еден од најголемите предизвици на модерното општество кој ја поткопува довербата на јавноста во институциите. Законот за спречување на корупцијата ја дефинира корупцијата како “злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за целите на остварување на каква било корист за себе или другите.” Иако многу пати прво на ум во однос на корупцијата доаѓа “поткупот” или примањето и давање поткуп, во пракса корупцијата има многу форми и често е тешко да се препознае. Всушност, било каква злоупотреба на власта може да значи корупција. Треба да се има предвид дека за разлика од корупцијата со преземање на одредени активности; делото може да се случи преку „пропуштањето“ да се преземат дејствија (на пример: неуспевање да се поднесе кривична пријава, службеникот нема да напише казна иако возачот ја надминал брзината и др.).

Корупцијата во секторот безбедност може да се смета за една од најсериозните форми на корупција. Институциите во рамките на секторот безбедност, како што се полицијата и разузнавачките служби, се должни да го спроведуваат законот и да ги заштитат граѓаните, но ако тие не успеваат да работат во согласност

со закон, тогаш тоа значително влијае на довербата на граѓаните во системот. Затвореноста на секторот безбедност често им овозможува на партиите на власт лесно да ги злоупотребуваат своите позиции во овие сектори. Специфичност за овој сектор е способноста за класифицирање, отворајќи го патот за различни злоупотреби. Покрај тоа, организациската култура во полицијата се карактеризира со висок степен на солидарност помеѓу полициските службеници што носи ризик од покривање на корупттивните практики на колегите и покрај тоа што се свесни за случајот.

Различни автори имаат развиено различна типологија на полициската корупција; се чини дека најшироко прифатената е таа развиена од страна на Робук и Баркер (1947). Тие ги идентификувале следните видови:

- Корупција на авторитетот (Кога еден службеник прима нешто поради неговата позиција, иако тоа и не е кршење на законот),
- Ккога службено лице добива добра за препорачување бизнис на други,
- Опортунистичка кражба (Крадење од уапсените),
- Кога службеник прифаќа мито во замена за тоа да не поведе прекршочна постапка,
- Заштита на нелегална активност (полициска заштита на нелегални активности што овозможуваат продолжување на истите),
- „Фикс"(Поткопување на кривичните истраги),
- Директни криминални активности (кога полицаец прави вистински криминал),
- Внатрешни исплати (привилегии во рамките на полициските, на пример смени, празници),
- Местење или додавање на докази.

ДЦАФ во својот Прирачник за полициски интегритет[33] посветува големо внимание на полициската корупција, листајќи единаесет типови на полициската корупција и несоодветно однесување при што се идентификувани:

- Полициско непочитување на законот - кога полицијата не ги почитува правилата (не ги почитува правата, возење во спротивност со законските прописи итн);
- Полицијата го заобиколува законот - полицајци свесно го заобиколуваат законот во корист на работините задачи на приватни компании;
- Измама - свесно давање невистинити изјави, погрешно пријавување статистики итн;
- Одбивање - одбивање да се прифати критика, независни истраги или граѓански анкети;
- Силеџиство во рамките на полициската служба - малтретирање полициски регрути од постари колеги. Прирачникот наведува дека ова

33 Достапно на: http://www.dcaf.ch/Publications/Toolkit-on-Police-Integrity

не е корупција согласно повеќето дефиниции, но е сепак е лош пример;

- Прекумерно и несоодветно полициско насилство - користење на повеќе од минималната количина насилство потребна за справување со одредени прашања;
- Предрасуди и расизам - различен третман на различни групи, обично: расизам, сексизам, хомофобија и дискриминација врз основа на возраст;
- Несоодветни процедури за избор и промоција - врз основа на лични контакти, непотизам, кронизам итн.;
- Водење на свој бизнис, надвор од работата, спротивно на полициската професија;
- Поведение надвор од работа - полицаецот треба да служи како пример во било кое време;
- Афилијација со злосторници - ова е еден од најголемите безбедносни ризици и тешко да се докаже во исто време.



Понекогаш, тешко е да се направи разлика помеѓу корупција или едноставно несоодветно поведение. Сепак, во повеќето случаи на злоупотреба на позиција, корупцијата исто така е пристуна. Во Македонија, клучна улога во борбата против корупцијата во полицијата има Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи[34]. Покрај тоа, важна улога има и Државната комисија за спречување на корупцијата.

## 6.2. Буџет на секторот безбедност

Буџетот за безбедност е износот на парите потрошени во текот на една фискална година за внатрешната и надворешната безбедност на земјата.[35] Државниот буџет е сеопфатен документ кој ги вклучува финансиите наменети за сите државни институции, вклучувајќи ги и оние кои се занимаваат со безбедноста. Во Република Македонија, фискалната година се совпаѓа со календарската година, што значи дека започнува на 1 јануари и завршува на 31 декември.

<u>Буџетски циклус</u>

---

34 Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е внатрешен контролен механизам во рамките на Министерството за внатрешни работи. Повеќе информации за неговата работа тука: http://mvr.gov.mk/page/sektor-za-vnatreshna-kontrola

35 Теодора Фуиор, Анализа на буџетот во Кол Е., Епрт К. & Кинезелбаџ (eds.) *Јавен надзор на секторот безбедност*

Буџетскиот циклус се однесува на целиот процес на буџетирање - почнувајќи од неговото планирање и формулирање до финалната фаза на разгледување и оценување. Секоја фаза вклучува бројни актери - извршната власт, парламентарните и независните државни институции. Додека некои од овие фази се многу транспарентни и отворени за јавноста, голем дел од циклусот се одвива зад затворени врати. Медиумите имаат задача да го надгледуваат буџетскиот циклус, но и да ги информираат граѓаните за начинот на кој се трошат нивните пари.

Буџетскиот циклус се состои од четири фази: подготовка, усвојување, спроведување и проценка.

1. Подготовка

Подготвувањето на буџетот на институциите е врз основа на стратешките приоритети на Владата, Фискалната стратегија и предложените стратешки планови кои секое министерство ги подготвува на годишна основа. Владата ги одредува своите стратешки приоритети за следната година најкасно до 15-ти април, а буџетските корисници (Министерство за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Агенцијата за разузнавање) ги доставуваат предложените буџети до Министерството за финансии до 1 септември. Во случај буџетските корисници да не ги достават нивните предложени буџети во предвидениот рок, тоа ќе биде направено од страна на Министерството за финансии. Оваа фаза се врши далеку од очите на јавноста и информациите во однос на оваа фаза може да се добијат со користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Со користење на различни алатки, еден од новинарските пристапи би можел да биде проценка на транспарентноста на процесот на планирање и корелација помеѓу планираниот буџет и стратешките документи.

2. Усвојување

Министерството за финансии го доставува предлог-буџетот до Владата најдоцна до 1 ноември. Владата има рок до 15 ноември да го достави предлог-буџетот до Собранието. Со цел обезбедување на доволно време за анализа на предлог буџетот и посуштинска дебата, законодавците пропишале Собранието да го усвои буџетот најдоцна до 31 декември, но дискусијата за тоа не може да започне пред да изминат 20 дена од денот кога предлог буџетот е доставен до Собранието. Постапката за донесување на буџетот на државата е исто како и редовна постапка за донесување

на закон. Матичната комисија за дискутирање на буџетот е Комисијата за финансирање и буџет. Од гледна точка на безбедноста, не е практика дискутирањето на буџетот на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана од страна на Комисијата за безбедност и одбрана. Буџетите на разузнавачките служби не се разгледувани од страна на парламентарните комисии што е во спротивност со најдобрите практики од регионот и земјите членки на ЕУ. Буџетите на военото разузнавање и контраразузнавање се составни делови од буџетите на нивните матични министерства (Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, соодветно).[36] Пратениците можат да интервенираат за нацрт-буџетот со предлагање на амандмани.
Споредбата на буџетските ставки во текот на годините може да биде вреден извор на информации. Новинарите треба да обрнат внимание на сериозни кратења на буџетот или драматични зголемувања во рамките на буџетот, особено кога таквите промени не се соодветно оправдани.

3. Спроведување



Извршувањето на буџетот е функција на извршната власт. Стратешките планови на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Агенцијата за разузнавање се или доверливи документи или не се доволно специфични за финансиските импликации на предвидените програми и задачи. Тоа ја комплицира работата на новинарите ако сакаат да го следат трошењето на буџетот и да истражуваат дали буџетската линија е во согласност со планираните активности во текот на годината. Сепак, ограничени информации може да се добијат со користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Покрај тоа, новинарите можат да ги следат јавните набавки (подолу се дадени инструкции). Дополнително, новинарите треба одблиску да го следат ребалансот на буџетот во текот на годината, а особено да обрнат внимание на образложението за истиот. Во минатото имало случаи кога одредени институции од безбедносниот сектор добиле дополнителни суми преку ребалансот на буџетот без соодветно објаснување.

4. Проценка и ревизија
Завршната фаза на буџетскиот циклус се однесува на ex post контролата односно контролирање на тоа како се потрошени средствата. Клучна

36 Годишните буџети се достапни на веб-страната на Министерството за финансии: www.finance.gov.mk

улога игра Државниот завод за ревизија кој е врховна ревизорска институција во Македонија. Извештаите на Државниот завод за ревизија се вредни ресурси за обезбедување на информации за систематски недостатоци и можни нерегуларности. Сите тие се достапни на веб страницата www.dzr.mk. Настрана од овие извештаи, Државниот завод за ревизија ги објавува и годишните програми за да може однапред да се следат институциите кои ќе бидат предмет на ревизија во годината што следи.

## 6.3. Јавни набавки

Еден начин за следење на трошењето на јавните пари во текот на годината, односно за време на фазата на имплементација е следење на јавните набавки. Начинот на кој институциите ги трошат своите средства треба да биде во согласност со принципот на економската ефикасност, што значи добивање на најдобар можен производ или услуга за одредена сума. Меѓутоа, постапката за јавните набавки е долга и комплексна и без разлика колку е транспарентен целиот процес, тешко е за граѓаните редовно да следат како се трошат парите во институциите. Затоа, граѓанските организации и медиумите треба да бидат активно вклучени во следењето на овие процеси преку обезбедување на редовни информации и анализи за јавноста.



Прво, мора да се прави разлика помеѓу термините “јавни набавки” и “тендер” кои многу пати се користат како синоними. Термините “концесија” и “јавно-приватно партнерство”, исто така, може да се сретнат кога се означува некаков вид на интеракција помеѓу јавните власти и приватните бизниси.

Терминот “јавна набавка” не е дефиниран во националното законодавство, но може да се изведе од дефиницијата на “договор за јавна набавка”, според кој се работи за “договор од финансиски интерес кој ги вклучува и секторските договори; е склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе договорни органи од една страна и еден или повеќе економски оператори од друга страна чиј предмет е изведување на работи, испорака на стоки или обезбедување на услуги во рамките на законот.”. Очигледно ова е комплексна дефиниција; но, можеме да ја разградиме на своите составни делови, така што се добива следното:

1. Постои договор помеѓу две страни. На една страна се договорните органи или државните органи, органите на локалната самоуправа и Градот Скопје, Владата на Република Македонија и јавните претпријатија и правни лица кои вршат дејности од јавен интерес. Всушност, во најголем број случаи договорни страни се државните институции. На другата страна на договорот се економските оператори, каде што "Економски оператор" е само термин кој се користи за означување на компании кои обезбедуваат стоки, услуги или работи.

Принципи

- ✓ конкуренција меѓу економските оператори
- ✓ еднаков третман и недискриминација
- ✓ транспарентност и интегритет во процесот
- ✓ рационално и ефикасно искористување на средствата

2. Договорот е за изведување на работи, испорака на стоки или обезбедување на услуги во рамките на законот. Оттука, ова е поимот за јавна набавка.



Од друга страна, концесијата е доделување право на користење на добро од општ интерес за Република Македонија, вршење на изградба од јавен интерес или обезбедување јавни услуги и притоа го задолжува концесионерот за изградба и/или работа, користење и одржување на објектот на концесија со или без плаќање од страна на концедентот. Со други зборови, концесијата е многу слична на јавните набавки, но разликата е во тоа што економскиот оператор го задржува правото на искористување на овие работи, стоки, услуги и притоа да наплаќа. Договорно регулирана долгорочна соработка помеѓу јавниот и приватниот партнер е јавно приватно партнерство.

Конечно, терминот "тендер" се користи за дефинирање на јавниот оглас и конкуренцијата помеѓу претпријатијата. Тендерот може да се однесува на јавни набавки и концесии и затоа треба да се користи со внимание. Во Република Македонија, за секоја набавка која го надминува износот од 500 евра без ДДВ, мора да постои постапка за јавна набавка.

| **Финансиски лимит** | **Метод на набавка** |
|---|---|
| До 500 евра без ДДВ | Не се отвора постапка за јавна набавка |
| Од 500 до 5000 евра без ДДВ | Прибирање на три понуди без објавување на оглас |
| Од 5000 до 20 000 евра без ДДВ за стоки и услуги и до 50 000 евра за работи | Прибирање на понуди по јавниот оглас |
| Од 20 000 до 500 000 евра за стоки и услуги и од 50 000 до 2 000 000 евра без ДДВ за работи | Се одвива еден од видовите на постапка за доделување на договор (отворена, ограничена, постапка со преговарање или конкурентен дијалог) |
| Повеќе од 500 000 евра без ДДВ за стоки и услуги и на повеќе од 2 000 000 евра без ДДВ за работи | Јавниот оглас е исто така објавен во Службен весник на ЕУ или друга публикација соодветна за објавување |



Табела - финансиски лимити за јавните набавки[37]

Постојат исклучоци од одредбата секоја набавка која го надминува износот од 500 евра да биде проследена со постапка за јавна набавка, кои се особено важни за безбедносниот сектор. Оттука, меѓу другите случаи кога Законот за јавни набавки не се применува, се следниве случаи:

- Може да доведе до откривање на информации спротивно на основните безбедносни интереси на земјата;
- Се загрозуваат основните безбедносни интереси на земјата, поврзано со производство или трговија со оружје, муниција и воени материјали и системи во согласност со закон.

Во однос на набавките од обласга на одбраната, договорниот орган е должен да ја извести Владата најдоцна до крајот на јануари од тековната година, за своите годишни планови за набавка во тековната година.

Клучната улога во постапката за јавна набавка ја има Бирото за јавни набавки како ентитет во рамките на Министерството за финансии. Оваа институција е одговорна да обезбеди постапката за јавна набавка да е спроведена на

37 Извор: Центар за граѓански комуникации: Прирачник за новинари кои известуваат за јавни набавки

рационален, ефикасен и транспарентен начин. Нивната веб страница е www.bjn.gov.mk. Исто така, основана е државна комисија за жалба на постапката за јавни набавки, со цел фирмите да бараат правна заштита против одлуките, дејствијата и пропустите за акција од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка. Важен извор на информации може да бидат жалбите поднесени од страна на фирмите кои учествувале на тендерот, но не биле селектирани. Преку испитување на причините за нивното незадоволство и зошто тие веруваат дека постои злоупотреба на кој било државен орган може да се добијат сознанија или индикации дека постапката била несоодветно имплементирана. Исто така, ова би можело да значи дека принципите на еднаков третман, недискриминација, интегритет, рационално и ефикасно искористување на средствата се прекршени.

Јавна набавка може лесно да се следи со користење на електронскиот систем за јавни набавки. Тоа е веб систем кој го овозможува спроведувањето на постапката за јавна набавка во електронска форма и е достапен на www.e-nabavki.gov.mk. На лесен, брз и едноставен начин, овој електронски систем обезбедува важни информации за објавите, поништените постапки, евиденција, известувања за договори итн.

## 7. Меѓународни организации



Откако Македонија прогласи независност во почетокот на 1990тите години, меѓународните организации играат многу важна улога во политичкиот живот на земјата. Имајќи предвид дека меѓународните организации се многубројни и се различни во поглед на функцијата, структурата и географската област на нивната работа, важно е да се направи разлика и да се укаже на оние кои се важни за Македонија. Со оглед на долгогодишната и суштинска вклученост, несомнено најистакнатите организации се ОБСЕ, ЕУ, НАТО и ОН.

Меѓународната заедница со различен капацитет е вклучена во голем број прашања поврзани со безбедноста во Македонија. Од едноставни прашања поврзани со безбедноста, како поддршка на реформата на системот за безбедност па се до прашања кои спаѓаат во делокругот на потешки теми како што беше на пример разоружувањето на етничките албански бунтовници од 2001 година и испраќањето воени (НАТО) и полициски (ЕУ) мисии после конфликтот. Обидите на Македонија за влез во НАТО и ЕУ отворија нова платформа за уште подлабока соработка. На пример, Македонија денес учествува во борбени групи на ЕУ заедно со другите земји-членки на ЕУ и се трансформираше од увозник на безбедноста во извозник на безбедноста.

Следниот текст обезбедува увид во активностите на меѓународните организации присутни во Република Македонија и обезбедува совети за можни теми за известување.

## 7.1. Обединети нации

ОН во Македонија се активно ангажирани од периодот по распадот на Југославија, кога раководството на Република Македонија ја покани превентивната мисија на ОН, со цел да го следи развојот на настаните на северната и западната граница со Југославија/Косово и Албанија. За ОН ова е прва мисија од овој вид. Мисијата беше со цел да се спречи било каква можна криза во врска со војната во Косово. Сепак, мисијата мораше да биде прекината поради блокадата на кинеските власти на Советот за безбедност на ОН[38]. Оваа одлука се покажа како кусогледа, бидејќи само две години подоцна изби вооружен конфликт во Македонија и границата со Косово во тој период беше многу кревка.

Оттогаш, ОН не биле особено присутни во Македонија на воен или безбедносен план. Односите со ОН беа променети и Македонија од увозник на мировни услуги станува извозник. Иако на многу ниско во бројки земјата учествува во мировни операции на ОН во странство. Досега Македонија учествувала само во една мисија на ОН во Либан, започнувајќи во 2007 година, со еден штабен офицер во Здружениот оперативен центар во Накира.

Идеи за статии

Може да се забележи дека придонесот на Македонија во операциите на ОН е минимален и како таков може да биде потенцијална интересна приказна за новинарска покриеност.

Кои се факторите кои придонесуваат за толку мал и доста симболичен придонес во операциите на ОН, имајќи предвид дека ОН како организација обезбедуваат сума поединечно за секој мировник од земјите-учеснички?

Покрај тоа, медиумите може да направат сторија за искуствата на оние македонски мировници кои учествувале во мисијата во Либан со комбинирање на искуствата кои произлегуваат од учеството во другите мисии во странство (како што се ИСАФ на НАТО и сл.)



За разлика од познатото мировно портфолио на ОН оваа меѓународна организација исто така е присутна во Македонија преку бројот на своите (ОН) агенции за справување со различните прашања кои можат да бидат поврзани со човековата безбедност, како што се: сиромаштијата, социјалната инклузија, животната средина, здравството и сл.

38 Прочитајте повеќе за причината на следната веб-страна: http://www.un.org/News/Press/docs/1999/19990225.sc6648.html

Листа на агенции на ОН присутни во Република Македонија, кои можат да бидат релевантни за човековата димензија на безбедноста:

УНДП - Програма за развој на Обединетите нации
УНХЦР - Висок комесар на Обединетите нации за бегалци
СЗО - Светска здравствена организација
ИОМ - Меѓународната организација за миграција
УНЕП - Програмата за животна средина на Обединетите нации

Идеи за статии

| |
|---|
| Колкав степен на поддршка ОН даваат за Македонија, преку Високиот комесаријат за бегалци (УНХЦР) во однос на зголемената активност на мигранти кои доаѓаат од воено погодените области, како што е Сирија?<br>Како УНХЦР ги оценува органите на Република Македонија кои се занимаваат со ситуацијата кога станува збор за мигранти? |

Веб-страна на ОН во Македонија - www.un.org.mk

## 7.2. Европска унија



Улогата на ЕУ во одржувањето на мирот и безбедноста е глобално призната. За разлика од други организации како НАТО на пример, ЕУ е добро позната по својата мека моќ. Како таква ЕУ нема постојана сопствена војска, меѓутоа црпи од капацитетите на земјите-членки. ЕУ е директно инволвирана во меѓународните операции преку придонес во цивилните и воените операции. Во моментов ЕУ има 16 операции во странство кои се протегаат од Балканот до Јужен Кавказ во склоп на африканскиот континент. Претежно операциите се со цивилен карактер (11 од 16)[39]. Од вкупно 16 во странство, две се базирани на Балканот, една е од цивилен карактер - во Косово по име ЕУЛЕКС, а другата е воена и испратена во Босна и Херцеговина по име АЛТЕА.
Балканот не е непозната област за Европската Унија. Воопшто првите цивилни и воени операции беа отворени точно во овој регион. Босна и Херцеговина е домаќин на мисијата АЛТЕА на ЕУ од 2004 година, кога ЕУ ја презеде функцијата од НАТО во спроведувањето на Дејтонскиот мировен договор. Освен земјите-членки на ЕУ, исто така постојат и трети земји кои учествуваат со свој персонал. На пример, Македонија учествува во мисијата АЛТЕА со медицинска служба во Босна и Херцеговина.

Македонија, од друга страна беше домаќин на првата воена операција на ЕУ, Конкордија. Оваа мисија, слична како таа во Босна која беше преземена од воената мисија на НАТО во Македонија и беше именувана како „Сојузничка хармонија“.

39 Целосната листа на операции и мандати прочитајте ја тука http://www.eeas.europa.eu/csdp/missions-and-operations/

Целта на мисијата беше да се создадат услови по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, кој беше договор за поделба на власта кој го прекина внатрешниот вооружен конфликт во Македонија. Освен Конкордија, Македонија беше домаќин и на цивилната полициската мисија на ЕУ „Проксима", која беше втора мисија од овој вид. Мисијата имаше за цел поддршка на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, како и поддршка на реформите во полицискиот сектор. Мисијата го заврши својот мандат во 2005 година.

Стожер на улогата на ЕУ во меѓународните безбедносни прашања е заедничката политика за безбедност и одбрана. Дури и насловот на оваа политика, покажува дека позициите на меѓународните (безбедносни) прашања треба да се усогласат со цел синхронизација на позициите на земјите-членки. Со усвојувањето на Лисабонскиот договор (стапи на сила јануари 2009) се случи големо (правно) зајакнување на улогата на ЕУ во областа на безбедноста. Спогодбата овозможува група држави од ЕУ да лансираат заеднички активности под будното око на високиот претставник на ЕУ. Сепак, оваа можност останува допрва да биде искористена целосно. Исто така, новиот висок претставник, со Лисабонскиот договор има можност да предложи нови цивилни и воени мисии. Лисабонскиот договор носи функција слична на онаа на познатиот член пет на НАТО за меѓусебна помош. Во случајот на ЕУ, клаузулата за заемна помош е применлива на терористички напади, катастрофи предизвикани од природен или човечки фактор.



Известувањето за теми поврзани со безбедноста на ЕУ и известувањето за теми од Македонија би можело да ги покрие различните елементи на заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ. Бидејќи е глобален актер, ЕУ делува во различни места низ светот. Имајќи предвид дека најголемата цивилна операција на ЕУ е работата со соседот на Македонија - Косово, се обезбедуваат можности директно да се истражи улогата на ЕУ од прва рака во однос на управувањето со кризи.

**ЕУ во процесот на реформите во безбедносен сектор**

Во текот на годините, ЕУ во Македонија е доста вклучена во длабоките реформи во безбедносниот сектор, како што е управувањето со границите, реформите во полицијата и др. Во голема мера овие реформи се резултат на аспирациите на Македонија за членство во ЕУ и како што Македонија напредува во процеот на пристапување во ЕУ, ЕУ би можеле да бидат повеќе вклучени во оценувањето и помагањето на реформирањето на некои аспекти од безбедносниот систем. Посебно внимание ЕУ става на прашања како што се: миграцијата, азилот, границите, борбата против организираниот криминал, тероризмот, дрогата, судската соработка и др. Овие области се добро вградени во поглавјата 23 и 24 на acquis communautaire (правото на ЕУ) што е особено важно за време на процесот на пристапување на земјата кандидат.

Идеи за статии

| |
|---|
| Порастот на преминувања на мигрантите воглавно од Сирија и Блискиот Исток почнувајќи од 2013 е евидентен во Македонија. Во сегашните услови, Центарот за странци и Центарот за азил во Скопје се далеку од доволни да одговорат на реалните потреби. Читателите би можеле да бидат заинтересирани да дознаат повеќе за начините на кои ЕУ им помага на македонските власти да се справат со ситуацијата. Дополнително, дали ЕУ ја поддржа на пример модернизацијата на Центрите за азил и странци итн. |

Клучни лица на безбедносните политики на ЕУ

Официјалниот Твитер профил на Федерика Могерини (Висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика/потпретседател на Комисијата на ЕУ) https://twitter.com/FedericaMog

Портпаролот Маја Кочијанчиќ: https://twitter.com/MajaEUspox

Делегацијата на ЕУ во Македонија:
http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/index_en.htm



## 7.3. НАТО

Организацијата на Северноатлантската алијанса (НАТО), основана е во 1949 година; првично беше основана како колектив и одбранбена организација. Во текот на годините го задржа овој профил, но, исто така, стана повеќе и политичка организација. Во својот воен капацитет (покренувањето на операции) НАТО дејствува едногласно, по претходна согласност на сите земји-членки. НАТО во моментов има пет мисии и операции. НАТО на Балканот е се уште активен со околу 5.000 војници на Косово. Другите четири мисии каде што во моментов НАТО е распореден се Авганистан, Средоземното Море, Рогот на Африка, како и поддршка на Африканската унија. Како организација за колективна одбрана, НАТО само еднаш го примени членот 5 од Повелбата на НАТО по терористичките бомбашки напади на кулите-близначки во Њујорк на 11-ти септември. Некои од позабележителните операции на НАТО се интервенцијата во 1999 во Југославија, што би можело да се гледа како пресвртна точка во однос на хуманитарните акции, поради тоа што тоа за прв пат меѓународна организација користи воени средства, без одобрение на Советот за безбедност на Обединетите нации.

Односите на Македонија со НАТО се доста сложени. Земјата го има направено приемот во НАТО јасна стратешка цел која има поддршка од сите политички партии исто како и поголемиот дел од населението. Последната анкета за прашањата за членството на Македонија во НАТО беше поддржана од 81% од

испитаниците.[40]

Во моментов постојат три можни стојалишта во врска со НАТО каде новинарите на Македонија може да истражуваат во нивната секојдневна работа.

– Приемот на Македонија во НАТО и други проширувања,
– НАТО во меѓународните операции (на пример ИСАФ),
– НАТО во геополитички контекст (кризата со Украина итн.).

**Приемот на Македонија во НАТО и други проширувања**

Приемот на Македонија во НАТО, со текот на времето наголемо еволуираше од технички во политички процес поради грчкото вето на приемот на Македонија во оваа организација на Самитот во 2008 во Букурешт. Затоа, поголемиот дел од дискусиите за влез на Македонија во НАТО, во последните неколку години се фокусирани и се зависни од решавањето на спорот за името со Грција. Еден од заклучоците на самитот на НАТО во Букурешт беше дека Македонија ги исполни сите критериуми за членство и во моментот кога властите на двете земји, Македонија и Грција ќе најдат взаемно прифатливо решение за спорот за името НАТО ќе испрати покана до Македонија за членство во Алијансата.

Затоа, кога се пишува за ова прашање, а особено Македонија, земајќи го предвид развојот на настаните од витално значење во текот на разговорите со посредство на ОН е спорот за името со Грција. Алијансата во неколку наврати изјави дека не постојат кратенки за пристапување и дека единствениот преостанат проблем е несогласувањето меѓу Скопје и Атина. Доколку се следи грчкиот печат по ова прашање ќе се додаде тежина на евентуалната сторија. Некои од познатите грчки медиуми се: Елефтеротипија, Та Неа, Катимерини, Атинската новинска агенција (достапна е и англиската верзија) итн.



За разлика од политичките процеси со спорот за името, Македонија како земја-кандидат за НАТО е испреплетена во процесот на Акциониот план за членство, специјално наменет за земјите кандидати со бројни задачи поврзани со воени и други политички процеси кои земјата-кандидат треба да ги исполни во една дадена година. Досега Македонија беше вклучена во 14 циклуси на акциони планови за членство. Овие документи не се јавно достапни на веб страната на Министерството за одбрана, па затоа треба да се побара директно портпаролот или да се употреби Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

40 МИА. Анкета покажува дека 81 процент од македонците го поддржуваат НАТО а 68 проценти – членството во ЕУ. 18 Ноември 2014. http://www.mia.mk/en/Inside/RenderSingleNews/92/132380335#

**Проширувањето на НАТО**

По големата експанзија на НАТО во Централна и Источна Европа процесот на проширување е во застој. Моментално визијата на НАТО е споделена со земјите од Западен Балкан. Најновите земји-членки кои се приклучија на НАТО во 2008 година се Албанија и Хрватска. Во моментов, кандидати за членство се Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Сите три држави имаат јасна перспектива за членство во Алијансата.

Кога се пишува сторија за проширувањето на НАТО на Балканот, корисно е да се разгледа:

- Јавната поддршка во тој правец. Главна пречка во процесот на Црна Гора кон приклучувањето на НАТО е спротиставеноста меѓу оние кои го поддржуваат членството во НАТО и оние кои не го поддржуваат;
- Политичката поддршка низ различни политички платформи. Во Босна и Херцеговина не постои консензус меѓу политичките лидери дека земјата треба да влезе во НАТО. Раководството на Република Српска јавно не се согласува со тоа;
- Улогата на земјите од Западен Балкан во тековните геополитички случувања. Кои настани го имаат потенцијалот да го изменат или да го забават проширувањето? На пример, како украинската криза би влијаела на процесот на проширување?



**НАТО во меѓународните операции**

НАТО веќе е потврден актер на меѓународната заедница кога станува збор за одржување на меѓународниот мир и безбедност. Веројатно една од најголемите мисии досега е таа во Авганистан - ИСАФ. Македонија под чадорот на НАТО учествуваше во ИСАФ 2002-2014. Иако Македонија има долгогодишно искуство јавноста знае многу малку во однос на учествата во операциите на НАТО, како што се тие од ИСАФ на пример. Мисијата заврши во 2014 година и тоа би можело да послужи како инспирација за приказни за:

- Научени лекции од придонесот на Македонија во мисијата ИСАФ
- Дали мисијата го исполни својот мандат?
- Како Македонија има корист од тоа?

Намерата на властите во Македонија е да продолжат со своето учество во операциите на НАТО.
Бидејќи нема голема јавна дискусија на оваа тема, пошироката јавност ќе има корист ако имаше статии со интервјуа на претставници од Министерството за одбрана, како и експерти за претстојна мисија. Новинарот би можел да ја покрие оваа тема со поставување на некои од следните прашања:

- Што ќе биде профилот на новите мисии, и во каков капацитет ќе придонесе Македонија?
- Кои се принципите за учество на Република Македонија во друга мисија?
- Интервју со членовите на собраниската Комисија за одбрана и безбедност за нивното мислење во врска со мисијата. Што ќе бидат добрите и лошите страни?
- Колку ќе чини учеството на Република Македонија во однос на операциите итн.

**НАТО во геополитичкиот контекст (Украинската криза)**

Поради прокламираниот интерес на Република Македонија за влез во НАТО, македонската јавност треба да биде запознаена со улогата на Алијансата во целиот свет за подобар одзив и повеќе информирани граѓани.

Постојат и оние кои тврдат дека кризата во Украина (која се граничи со земји членки на НАТО и Русија) ја преосмисли традиционалната воена алијанса. Во моментот вклученоста на НАТО како организација во Украинската криза е минимална и првенствено е преку политички изјави каде не се исклучува целосно можноста за членство на оваа земја во Алијансата. Од друга страна милицијата која го контролира источниот дел на Украина и илјадниците изгубени животи досега ја покажува загрижувачката состојба во соседство на Европа каде што НАТО е се уште релевантно. Конфликтот во Украина го отвора прашањето за европската безбедност, каде што Македонија е дел. Затоа новинарите треба да бидат тесно заинтересирани за инволвираноста на НАТО во конфликтот во Украина и односите со Русија. Исто така, да се разгледа надворешната политика на Украина кон земјите од регионот ќе биде корисно кон подобро разбирање на контекстот во кој Македонија дејствува.

**Кој да се следи за најновите вести на НАТО?**

Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг е активен на социјалните мрежи, вклучувајќи Фејсбук: https://www.facebook.com/jensstoltenberg и Твитер: https://twitter.com/jensstoltenberg
Портпаролот на НАТО Оана Лунџеску исто така, може да се најде на Твитер: https://twitter.com/natopress.
НАТО има Фејсбук налог https://www.facebook.com/NATO како и посебен Твитер налог https://twitter.com/nato
Во Македонија НАТО е претставена преку Канцеларијата за врски на НАТО во Скопје и капетанот на морнарица во Бугарија Румен Радев. http://www.jfcnaples.nato.int/hqskopje.aspx

## 7.4. Процесот на одлучување за учество во мировни операции

Процесот на испраќање војници, полицајци и цивили не е детализиран со ниту еден закон, но е распространет во различни делови од законодавството. Модалитетите за испраќање на вооружени сили во странство се разликуваат во зависност од организацијата која е во прашање (ЕУ, ОН или НАТО и сл.) Без оглед на организацијата, сите воени распоредувања мора да бидат одобрени од страна на македонскиот парламент. Министерството за одбрана е првото кое разгледува било каква покана за учество со војници. Нацрт-предлог за испраќање војници се разработува, а потоа испраќа до релевантната парламентарна комисија, која во случајот со Македонија е Комисијата за одбрана и безбедност. Откако Комисијата ќе го одобри предлогот истиот се праќа до Собранието на пленарна седница.

За учество во мисиите на НАТО, промените во постапката ќе стапат на сила кога Македонија ќе стане членка на НАТО, што е малку веројатно да се случи брзо, поради нерешениот спор за името со Грција. Овие промени ќе ја избегнат потребата од согласност на Собранието, па наместо тоа ќе дозволи владата да донесе одлука без одобрение од Собранието. Потребата од таквото решение е нејасна. На пример Хрватска (членка на НАТО од 2008 година) нема таква законска одредба. Наместо тоа, сите сили во Хрватска во врска со испраќањето војници во странство се во рацете на Собранието.



**Цивилен придонес**

Во моментов, цивилното учеството на Македонија во мировните мисии е регулирано со Законот од 2007 година за испраќање персонал во меѓународни мисии и меѓународни организации, како и основните закони кои ја покриваат работата на одредени безбедносни актери, како што се Законот за полиција.

Во контекстот на цивилните мисии, Законот за испраќање на персонал во меѓународни мисии и меѓународни организации го олеснува патот, правно гледано, за испраќање на цивилниот персонал во мировните операции во својство на експерти. "Меѓународната мисија" тука значи мисија, која е наменета за поддршка на внатрешниот ред, воспоставување демократски институции и обезбедување помош за цивилите погодени од кризата. Исто така, јасно се наведува дека мисијата треба да се занимава со: реформи во безбедносниот сектор, јавниот ред, реформите во судството, правата на малцинствата, изборите, слободата на медиумите, итн.[41]

41 Законот за испраќање на персонал во меѓународни мисии и меѓународни организации, Член 4

**7.5. ОБСЕ**

www.osce.org/skopje

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) е најголемата меѓувладина организација во Европа поврзана со безбедноста на 57 земји-членки. Иако нејзината примарна област е фокусот на Европа, членките на ОБСЕ се протегаат до земји како што се САД и Казахстан. Првично основана како платформа за дискусии за безбедноста во Европа, многу од проектите кои ОБСЕ ги спроведува денес се протегаат во земјите како Централна Азија, Јужен Кавказ, итн. Сепак, кризата во Украина го покажа уште еднаш виталното значење на мирот и стабилноста во Европа за ОБСЕ.

Слично како и во ЕУ, ОБСЕ има можност да проектира само мека моќ со тоа што служи како платформа за дискусии за важни случувања поврзани со безбедноста. На пример еден од поважните резултати од работата на ОБСЕ може да се види со потпишувањето на Хелсиншкиот договор во 1975 година, кој за земјите го потврди територијалниот интегритет и суверенитет; значајно достигнување исто така може да се види во поставувањето на група за следење на почитувањето на човековите права во СССР.

ОБСЕ е присутна во Македонија уште од првите денови на осамостојувањето. Во текот на овој период мисијата работеше на исполнување на различни мандати. Сегашниот мандат на мисијата е да ја поддржи имплементацијата на Охридскиот рамковен договор; исто така се протега низ различните сегменти од општеството, како што се полицијата, меѓуетничките прашања, доброто управување, итн. Покрај главниот мандат поврзан со работата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ОБСЕ е независна меѓународна главна организација за мониторинг на изборите во Македонија. Овој вид на активности се врши од страна на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР). Како земја учесничка, Македонија, исто така има полза од работата на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите.

Улогата на ОБСЕ во македонското општество најдобро може да се сфати како механизам за превенција на конфликти, но и во многу други области во кои оваа организација е активна. Покрај во Скопје, кое служи како седиште на Мисијата, исто така има една теренска канцеларија во Тетово (Западна Македонија). Со оглед на неговата улога во конфликти и улогата на превенција кога новинарите известуваат за зголемено насилство меѓу младите или за зголемени тензии во меѓуетничките односи, канцеларијата на ОБСЕ во Скопје е биде добра појдовна точка за коментирање на сториите.

За повеќе информации контект од ОБСЕ:
Мисијата на ОБСЕ во Скопје
Скопје
Канцеларија: +389 2 323 4000
info-MK@osce.org

## Библиографија и корисни линкови

Здружение на новинари на Македонија www.znm.org.mk
Кодекс на новинари во Македонија http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440
Прирачник за етика во новинарството http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Priracnik%20za%20etika%20vo%20novinarstvoto%20maj%202012.pdf

Законодавство

- Закон за следење на комуникации, Службен весник на Република Македонија бр. 121/2006 со измени 110/2008, 116/2012
- Закон за електронски комуникации , Службен весник на Република Македонија бр. 39/2014, со измени 188/2014
- Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 150/2010 со измени 51/2011 , 100/2012
- Закон за внатрешни работи, Службен весник на Република Македонија бр. 42/2014 со измени 116/2014 , 33/2015
- Закон за одбрана (Пречистен текст), Службен весник на Република Македонија бр. 185/2011
- Закон за Собрание на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр .104/2009
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службен весник на Република Македонија.13 / 2006 со измени 86/2008 , 6/2010 , 42/2014

Друга литература и алатки

Концизен Оксфордски речник (Оксфорд: Кларендон Прес, осмо издание 1990) http://www.londoninternational.ac.uk/sites/default/files/programme_resources/lse/lse_pdf/subjectguides/ir3140ch1-3.pdf
Волтерс, В. (2010) “Миграција и безбедност”, на Питер Џ Бурџис (ур.) Прирачникот на Нови Безбедносни Студии, Лондон: Рутлеџ
Бери Бузан, “Нови модели на глобалната безбедност во дваесет и првиот век”, Меѓународни Односи, 67,3 (1991)
Кристин Чинкин “Човекова безбедност наспроти државна безбедност” - Лондонска Школа за Економија, Светски Трибунал на Ирак Истанбул, Турција 25 Јуни 2005 година, шеста седница / Глобална безбедност на животната средина и идните алтернативи: http://www.global-sisterhood-network.org/content/view/352/76/
Хасан Махмуд “Човековата или националната безбедност: Проблемите и перспективите на нормите за човековата безбедност”. Весник за политика и

право. Декември 2008 година.
Марија Бронс, Општество, безбедност, суверенитет и состојбата во Сомалија: од бездржавјанство до бездржавјанство?, (Меѓународни Книги, 2001 година)
Цвете Конеска, Контекстна анализа на реформите на безбедносниот сектор во Македонија, Аналитика
Теодора Фујор. Анализа на буџетот во Кол Е., Еперт К & Кинезелбах (уред.) Јавен надзор на секторот за безбедност
Пјер Апели (ур.) Прирачник за полициски интегритет, ДЦАФ 2012: http://www.dcaf.ch/Publications/Toolkit-on-Police-Integrity
Центар за граѓански комуникации, Прирачник за новинари на јавни набавки http://www.ccc.org.mk/images/stories/priracnik_za_novinari_mk_02.pdf
Прирачник на Легал Ликс: Упатства за новинарите за пристап до информации http://freeinfo.mk/wp-content/uploads/2012/11/Legal_Leaks_mk.pdf

Институции:

Министерство за внатрешни работи www.mvr.gov.mk
Министерство за одбрана www.morm.gov.mk
Агенција за разузнавање www.ia.gov.mk
Министерство за финансии www.finance.gov.mk
Собрание на Република Македонија, www.sobranie.mk
Јавно обвинителство www.jorm.gov.mk
Државен завод за ревизија www.dzr.mk
Биро за јавни набавки www.bjn.gov.mk
Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер www.comspi.mk
Дирекција за заштита на личните податоци www.dzlp.mk
Дирекција за безбедност на класифицирани информации www.dbki.gov.mk

Меѓународни организации:

Обединети нации www.un.org
Европска унија www.eeas.europa.eu
Делегација на ЕУ во Македонија
http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/index_en.htm
НАТО www.nato.int
ОБСЕ www.osce.org/skopje



СКОПЈЕ 2015

ПРИРАЧНИК

# КАКО ДА ИЗВЕСТУВАТЕ ЗА ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО БЕЗБЕДНОСТА?

**АВТОРИ:**
**Андреја Богдановски**
**Магдалена Лембовска**

analytica
thinking laboratory...